# ЗЕЛС | BNJVL

ГЛАСИЛО | GAZETË

Ноември / Nëntor 2013

**ГЛАСИЛО**
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**GAZETË**
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË



## СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС
## SEANCA E BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË





## ОБУКИ, РАБОТИЛНИЦИ И СОВЕТУВАЊА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ
## TRAJNIME, PUNËTORI DHE KËSHILLIME PËR TË PUNËSUARIT NË KOMUNA





**Почитувани,**

Во месец ноември, ЗЕЛС реализираше поголем број на активности. На прес- конференцијата што се одржа во просториите на ЗЕЛС, претседателот на Заедницата, Коце Трајановски, и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески, го најавија стапувањето на сила на новите измени, со кои, спроведувањето на административните постапки од Законот за градење, ќе се водат исклучиво по електронски пат. Во изминативе пет месеци, општинската администрација издаваше одобренија за градење, за надградба и за доградба, а од 1 ноември, 2013 година, оваа палета се прошири на уште десетина барања од овој Закон. Трајановски најави дека локалните власти се сосема подготвени за реализирање на новите законски постапки, бидејќи тие се идентични како и кај досегашните барања, за чија примена претставниците од општините добија соодветни обуки преку ЗЕЛС тренинг центарот. Содржината на софтверската алатка за електронски постапки, утврдени со овој Закон, ЗЕЛС ја презентираше пред работната група за урбанизам при НАЛАС, чии членови беа во посета на ЗЕЛС и покажаа заинтересираност за нејзина употреба и во нивните земји.

Предизвиците на локаните власти во областа на образованието, особено недостатокот на средства во блок дотациите и неизмирените долгови за огрев за училиштата и за превоз на учениците повторно се актуализираа, со започнувањето на грејната сезона. ЗЕЛС направи анализа на проблемите со кои се соочуваат општините, при спроведувањето на овие јавни набавки, а номинира и свои претставници во две работни групи, каде ќе се дискутира за изнаоѓање на решенија за надминување на овие проблеми во иднина.

Беше организирана и средба за обезбедување на поедноставно комуницирање меѓу општините и Централниот регистар, преку воспоставување на веб сервер, што ќе го обезбеди ЗЕЛС. Поинтензивни активности овој месец имаше и Мрежата на територијалните противпожарни единици, при ЗЕЛС, каде се разгледуваше Програмата за стручно оспособување на идните пожарникари, а се реализираа и средби со претставници од операција Флоријан, со цел вклучување на нашата земја во Националниот комитет за спасување.

ЗЕЛС тренинг центарот продолжува со организирањето на обуки за општинската администрација. Беше организирана обука за членовите на Мрежата на локален економски развој. За стратегиски пристап на односите со јавност во локалната власт беше одржана работилница со лицата за односи со јавноста од општините, а во соработка со Секретаријатот на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер беше одржано советување на службените лица од општините, одговорни за посредување со вакви информации.

Состанок одржа и Надзорниот одбор на ЗЕЛС кој ги разгледа значајните документи за работа на Заедницата, Планот на активности и Финансискиот план за 2014 година, како и ревидираниот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2014-2015 година. И претставниците од Надзорниот одбор, како и членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледаа состојбата со плаќањето на членарината на општините во ЗЕЛС, за што беше утврдено, секоја општина поединечно да се извести за висината на неплатениот долг, при што според утврдена методологија, ќе се изјасни за начинот на репрограмирање на долгот, особено ако станува збор за поголема сума. Управниот одбор на својата четврта седница опфати голем број на прашања и предложи бројни иницијативи за законски измени, со цел подобрување во извршувањето на надлежностите од страна на општините. Состанок одржаа и делегатите од Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската унија, на кој беа утврдени заедничките ставови за претстојниот состанок закажан за 3 декември, 2013 година, во Брисел.

**Со почит,**

**Душица Перишиќ**
**Извршен директор на ЗЕЛС**

**Të nderuar,**

Në muajin nëntor, BNJVL-ja realizoi numër të madh aktivitetesh. Në konferencën për shtypin që u mbajt në hapësirat e BNJVL-së, Kryetari i Bashkësisë, Koce Trajanovski dhe ministri për transport dhe lidhje Mile Janakieski shpallën hyrjen në fuqi të ndryshimeve të reja, me të cilat zbatimi i procedurave administrative nga Ligji për ndërtim do të udhëhiqen vetëm në rrugë elektronike. Në pesë muajt e kaluar, administrata komunale lëshonte leje për ndërtim, mbindërtim dhe ndërtim shtesë kurse nga data një nëntor të vitit 2013 kjo paletë u zgjerua edhe për dhjetë kërkesa nga ky Ligj.

Trajanovski publikoi se autoritetet lokale janë plotësisht të përgatitura për realizimin e këtyre procedurave ligjore sepse janë të ngjashme si edhe te kërkesat e deritanishme, për shfrytëzimin e të cilave përfaqësuesit e komunave fituan trajnime të posaçme nëpërmjet Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së.

Përmbajtja e veglës softuerike për procedura elektronike të caktuara me këtë Ligj u prezantua përpara grupit punues për urbanizëm të NALAS-it, anëtarët e të cilit vizituan BNJVL-në dhe shprehën interes të madh për shfrytëzimin e kësaj vegle në vendet e tyre.

Sfidat e autoriteteve lokale në fushën e arsimit, veçanarisht mungesa e mjeteve në blok dotacionet dhe borxhet e pashlyera për ngrohjen dhe transportin e nxënësve u bënë aktuale përsëri me fillimin e sezonit të ngrohjes. BNJVL-ja hartoi analizë për problemet me të cilat ballafaqohen komunat gjatë realizimit të këtyre furnizimeve publike dhe njëkohësisht nominoi përfaqësues të vetë në dy grupet punuese, ku do të diskutohet për gjetjen e zgjidhjeve për anashkalimin e këtyre problemeve në të ardhmen.

U organizua takim për sigurimin e komunikimit më të lehtë ndërmjet komunave dhe Regjistrit Qendror nëpërmjet vendosjes së ueb serverit të cilin do t'a sigurojë BNJVL-ja.

Aktivitete më të shumta në këtë muaj kishte Rrjeti i njësive territoriale zjarrfikëse të BNJVL-së ku u shqyrtua Programi për aftësim profesional të zjarrfikësve të rinj por edhe u realizuan takime me përfaqësuesit e Operacionit Florijan me qëllim që vendi jonë të marrë pjesë në Komitetin kombëtar për përfaqësim.

Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së vazhdon me organizimin e trajnimeve për administratën komunale. U organizua trajnim për anëtarët e Rrjetit të zhvillimit ekonomik lokal. Për qasje strategjike të marrëdhënieve me publikun në autoritetet lokale u mbajt punëtori nga komunat në bashkëpunim me Sekretariatin e Komisionit për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë të informacioneve me karakter publik, u mbajt këshillim për personat zyrtarë nga komunat kompetente për ndërmjetësimin e informacioneve të këtilla.

Takim mbajti edhe Bordi Mbikëqyrës i BNJVL-së i cili i shqyrtoi dokumentetet më të rëndësishme të punës së BNJVL-së, Plani i aktiviteteve dhe Plani financiar për vitin 2014 si edhe Plani strategjik i reviduar i BNJVL-së për vitet 2014-2015. Përfaqësuesit e Bordit Mbikëqyrës të BNJVL-së si edhe anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së e shqyrtuan situatën e pagimit të anëtarësisë së komunave në BNJVL, për të cilën u caktua që çdo komunë të njoftohet mëvetësisht për vlerën e borxhit të papaguar, ku sipas metodologjisë së caktuar do të shprehet për mënyrën e riprogramimit të borxhit posaçërisht nëse bëhet fjalë për vlerë të madhe.

Bordi Drejtues në seancën e tij të katërt diskutoi për një numër të madh çështjesh dhe propozoi iniciativa të shumta për ndryshime ligjore me qëllim që të përmirësojë zbatimin e kompetencave nga ana e komunave.

Takim mbajtën edhe delegatët e Komitetit të përbashkët konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian, në të cilin u caktuan qëndrimet e përbashkëta për takimin vijues, i caktuar në datën 3 dhjetor të vitit 2013 në Bruksel.

**Me nderime,**

**Dushica Perishiq**
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**


ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0) 2 30 99 033 / факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема - Мехмети
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудоски
Дизајн, подготовка за печатење и печатење - Европа 92
Лекторира - Момент мал; Превод - Висар Полику и Валентина Трајко

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema - Mehmeti
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudoski
Dizajnim, përgatitje për shtyp dhe shtypje - Evropa 92
Lektoron – Moment mall; Përkthim – Visar Poliku dhe Valentina Trajko

# СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПОСТАПКИ - ИСКЛУЧИВО ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

# SIPAS LIGJIT PËR NDËRTIM, ZBATIMI I TË GJITHA PROCEDURAVE ADMINISTRATIVE– VETËM NË RRUGË ELEKTRONIKE




Сите административни постапки кои се спроведуваат во согласност со Закон за градење, од 1 ноември, 2013 година, започнуваат да се водат исклучиво по електронски пат. По тој повод, токму на први ноември, во просториите на ЗЕЛС беше организирана прес конференција, на која претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески, го најавија стапувањето на сила на новите законски измени.

Трајановски истакна дека општинската администрација е сосема подготвена за реализирање и на новите електронски постапки, бидејќи постапката за поднесување на овие барања е идентична, како и кај досегашните барања за одобрение за градење,

Të gjitha procedurat administrative të cilat zbatohen në pajtim me Ligjin për ndërtim, nga data 1 nëntor të vitit 2013, fillojnë të udhëhiqen vetëm në rrugë elektronike. Për këtë rast, më një nëntor në hapësirat e BNJVL-së u organizua konferencë për shtypin, në të cilën kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski dhe Ministri për transport dhe lidhje Mile Janakieski shpallën hyrjen në fuqi e të gjitha ndryshimeve të reja ligjore.

Trajanovski theksoi se administrata komunale është plotësisht e përgatitur për realizimin e procedurave të reja elektronike sepse procedura për parashtrimin e këtyre kërkesave është e ngjashme si edhe te kërkesat e deritanishme për leje për ndërtim, mbindërtim dhe ndërtim shtesë, implementimi i të cilit filloi nga data

Освен постапките за електронско издавање на дозвола за градење, за доградба и за надградба, што започнаа од 1 јуни, оваа година, од 1 ноември 2013 година, по електронски пат ќе се поднесуваат и:

- Барањата за издавање на одобрение за употреба на градба,
- Барање за одобрување на идеен проект,
- Барање за измени во текот на изградбата,
- Барање за промена на инвеститорот,
- Барање за одобрение за подготвителни работи,
- Барање за издавање на одобрение за пренамена,
- Барање за издавање на одобрение за реконструкција,
- Барање за издавање на одобрение за адаптација и
- Барање за издавање на решение за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење.

Përveç procedurave për lëshimin elektronik të lejes për ndërtim, për mbindërtim dhe ndërtim shtesë që filluan nga 1 qershori të këtij viti, në rrugë elektronike nga 1 nëntori i vitit 2013 do të parashtrohen:

- Kërkesë për lëshimin e lejes për përdorimin e ndërtesës ,
- Kërkesë për aprovimin e projektit ideor,
- Kërkesë për ndryshime gjatë ndërtimit,
- Kërkesë për ndryshimin e investuesit,
- Kërkesë për miratimin e punëve përgatitore,
- Kërkesë për lëshimin e lejes për ridedikim,
- Kërkesë për lëshimin e lejes për rikonstruktim,
- Kërkesë për lëshimin e lejes për adaptim dhe
- Kërkesë për lëshimin e vendimit për realizimin e ndërtimeve për të cilat nuk nevojitet leje për ndërtim.

доградба и надградба, чија имплементација започна од 1 јуни, 2013 година. Постапките започнати пред 1 ноември, по поднесените барања во хартиена форма, ќе бидат издадени, исто така, на хартија и нема да се запишуваат во информацискиот систем.

-„ На воведувањето на овие електронски алатки, многумина гледаа скептично, не само граѓаните, туку и локалната администрација. Но, за само пет месеци, сè функционира сосема нормално и ефикасно", рече Трајановски на прес конференцијата, објаснувајќи дека тоа предизвикало охрабрување за уште позасилени чекори во воведување на нови електронски алатки за обезбедување на услугите на општинските власти, кон граѓаните.

Претседателот на ЗЕЛС, потсети на бенефитите од примената на овие електронска алатка, при што посочи дека со воведувањето на информацискиот систем, „ Е-одобрение за градење", сите општини во Република Македонија постапуваат на идентичен и унифициран начин, по идентични обрасци и идентично утврдени административно-правни фази во постапката, со исти рокови и со исти права за подносителите.

Трајановски нагласи дека ЗЕЛС во континуитет им дава поддршка на општините и дека во иднина, ќе продолжи да обезбедува воведување на нови електронски алатки во работењето на општинската администрација, со цел обезбедување на поголема транспарентност на локалните власти, поголема ефикасност во работењето на општинската администрација, а пред сè поквалитетни услуги за граѓаните.

Беше истакнато дека употребата на електронски алатки во работењето на општинската администрација е голема реткост во општините од земјите во регионот, поради што неодамна неколку балкански земји покажуваат заинтересираност да ги применат овие наши искуства и во нивните земји.

Во информацискиот систем е овозможено и електронско постапување по жалби на првостепен оран и тужби против акти на второстепените органи. Тоа се Министерството за транспорт и врски, како второстепен орган кој постапува по жалби на акти на општините, како првостепени органи и Државната комисија за жалби во втор степен, која постапува по жалби на акти на Министерството, Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Агенцијата за промоција и развој на туризмот. Инвеститорот има право преку информацискиот систем да поднесе и жалба која се проследува електронски до второстепениот орган. Во системот се вклучени и Управниот и Вишиот управен Суд кој пристапува до списите на предметите по кои е поведена тужба преку информацискиот систем. Постапката е уредена со посебен правилник.

Задоволство од примената на електронските постапи, во согласност со Законот за градење, истакна и министерот за транспорт и врски. Миле Јанакиески, кој потенцира дека во информацискиот систем, во периодот од 1 јуни - до 1 ноември, оваа година, се внесени вкупно 1044 барања, постапката е завршена по 436 предмети, а од нив издадени се вкупно 205 одобренија за градење .

1 qershor e vitit 2013 për udhëheqjen e procedurave në rrugë elektronike, nëpërmjet sistemit informatik të BNJVL-së, „E-leje për ndërtim". Procedurat e filluara nga data 1 nëntor pas kërkesave të parashtruara në formë letre do të lëshohen në letër dhe nuk do të regjistrohen në sistemin elektronik.

-„Për vendosjen e këtyre veglave elektronike, shumë persona ishin skeptikë, jo vetëm qytetarët por edhe administrata komunale. Por vetëm për pesë muaj gjithçka funksionon normalisht dhe efektivisht", tha Trajanovski në konferencën për shtypin, duke shpjeguar se kjo shkaktoi inkurajim për më shumë hapa të përforcuara në vendosjen e veglave të reja elektronike për sigurimin e shërbimeve të autoriteteve lokale drejt qytetarëve.

Kryetari i BNJVL-së rikujtoi përfitimet nga shfrytëzimi i këtyre veglave elektronike ku theksoi se me vendosjen e sistemit informatik „E-leje për ndërtim" të gjitha komunat në Republikën e Maqedonisë veprojnë në mënyrë të ngjashme dhe të unifikuar, me formularë të ngjashëm dhe faza të ngjashme administrative juridike në procedurë, me afate të njejta dhe me të drejta të njejta për parashtruesit.

Trajanovski theksoi se BNJVL-ja vazhdimisht i jep përkrahje komunave dhe në të ardhme do të vazdojë të sigurojë vendosjen e veglave të reja elektronike në punën e administratës komunale me qëllim që të sigurojë transparencë më të madhe në autoritetet lokale, efikasitet më të madh në punën e administratës komunale dhe para së gjithash shërbime më cilësore për qytetarët.

U theksua se shfrytëzimi i veglave elektronike në punën e administratës komunale është gjë e rrallë në komunat nga vendet në rajon, për këtë kohët e fundit disa vende nga Ballkani shprehën interes që t'i përdorin përvojat tona edhe në vendet e tyre.

Në sistemin informatik është mundësuar edhe veprimi elektronik pas ankesave nga organi i shkallës së parë dhe padi kundër akteve të organeve të shkallës së dytë. Ato janë Ministria e transportit dhe lidhjeve si organ i shkallës së dytë i cili vepron pas ankesave të akteve të komunave si organe të shkallës së parë dhe Komisioni shtetëror për ankesa të shkallës së dytë i cili vepron pas ankesave të akteve nga Ministria, Drejtoria për zona industriale teknologjike zhvillimore dhe Agjencia për promovimin dhe zhvillimin e turizmit. Investuesi ka të drejtë nëpërmjet sistemit informatik të parashtrojë ankesë e cila qarkullon në rrugë elektronike deri te organi i shkallës së dytë. Në sistem përfshihen edhe Gjykata administrative dhe ajo e lartë administrative e cila qaset në shkrimet e lëndëve sipas së cilave ngrihet padi nëpërmjet sistemit informatik. Procedura është e rregulluar me rregullore të posaçme.

Kënaqësinë nga shfrytëzimi i procedurave elektronike në pajtim me Ligjin për ndërtim e theksoi edhe ministri i transportit dhe lidhjeve Mile Janakieski, i cili tregoi se në sistemin elektronik, në periudhën nga 1 qershori deri më 1 nëntor të këtij viti, janë regjistruar gjithsej 1044 kërkesa, procedura është e përfunduar për 436 lënda, nga të cilat janë lëshuar gjithsej 205 leje për ndërtim.



# СОВЕТУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА ОД ОПШТИНИТЕ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# KËSHILLIM PËR PERSONAT ZYRTARË NGA KOMUNAT PËR NDËRMJETËSIMIN E INFORMACIONEVE ME KARAKTER PUBLIK

Службените лица за посредување со информациите од јавен карактер од 42 општини, односно вкупно 47 претставници од општините, на 5 и 6 ноември, 2013 година, учествуваа на советувањето, што го организираше ЗЕЛС тренинг центарот, во административната зграда на Заедницата. Присутните дискутираа на тема „ Примена на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер", што им беше елаборирана од страна на стручни лица од Секретаријатот на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во фокусот на дискусиите доминираа прашања за конкретни практични примери за имплементирање на законската регулатива и овластувањата што ги имаат службените лица во општините во процесот на имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така, присутните дискутираа и за жалбената постапка, прекршочната постапка и за подготовката на Годишен извештај, обврска на имателите на информации.

Информативната слобода е фундаментално човеково право и основа на сите слободи за кои се бори Организацијата на обединетите нации, а според Универзалната декларација 1948, член 19, секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку различни видови медиуми и без оглед на границите. Беше истакнато дека 86 земји

Personat zyrtarë për ndërmjetësimin e informacioneve me karakter publik nga 42 komuna, gjegjësisht gjithsej 47 përfaqësues nga komunat, më 5 dhe 6 nëntor të vitit 2013, morrën pjesë në këshillim, të cilin e organizoi Qendra e trajnimeve e BNJVL-së, në ndërtesën administrative të Bashkësisë në Shkup. Të pranishmit diskutuan në temë „Qasje e lirë e informacioneve me karakter publik dhe zbatimi praktik i Ligjit për qasje të lirë të informacioneve me karakter publik", i cili parësisht u elaborua nga ana e personave profesionalë të Sekretariatit të Komisionit për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë të informacioneve me karakter publik.

Në qendër të diskutimeve dominonin pyetje për shembuj praktikë konkretë nga zbatimi i legjislacionit dhe autorizimet të cilat i kanë personat zyrtarë në komunat në procesin e implementimit të Ligjit për qasje të lirë të informacioneve me karakter publik. Gjithashtu të pranishmit diskutuan për procedurën ankimuese, procedurën kundërvajtëse edhe për përgatitjen e Raportit vjetor, obligim i mbajtësve të informacioneve.

Takimi informues është e drejtë njerëzore fundamentale dhe bazë për të gjitha liritë për të cilat lufton Organizata e kombeve të bashkuara kurse sipas Deklaratës universale e vitit 1948, në nenin 19, secili ka të drejtë për liri në mendim dhe shprehje. Kjo e drejtë e përmban edhe të drejtën për të paraqitur një mendim të caktuar pa asnjë ndërhyrje dhe të kërkohen, të merren dhe të jepen informacione dhe ide nëpërmjet mediave të ndryshme pa pasur parasysh kufijtë. U theksua se 86 vende





имаат Закон за слободен пристап до информации. Всушност според истражувањата што ги врши Transparency Internacional, од 178 земји, Македонија се наоѓа на 62. место, според индексот на корупција.

ЗЕЛС и Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на 19 септември, 2013 година, потпишаа Меморандум за соработка, кој меѓу другото вклучува и перманентна обука на службените лица за посредување со информациите од јавен карактер од општините, со цел транспарентно и отчетно работење на локалните власти во нашата земја.

## ЗЕЛС ПРЕДЛОЖИ ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА МЕЃУ ОПШТИНИТЕ И ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РМ, ПРЕКУ ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ВЕБ СЕРВИС

На 13 ноември, 2013 година, претставници од ЗЕЛС одржаа заеднички состанок со претставници од Централниот регистар на Република Македонија, на кој се дискутираа можностите за воспоставување на веб сервиси за испорака на податоци помеѓу Централниот регистар и ЗЕЛС, во име на сите општини. Беше договорено да се формира работна група која ќе ги анализира правните и техничките аспекти за воспоставување на електронски систем за размена на информации и податоци, што во согласност со законот, ги прибира, систематизира и поседува Централниот регистар на Република Македонија. Од особена важност за општините се податоците за правните лица, потребни за наплата на комунални такси од страна на локалните власти и податоците за тековните состојби на трговските друштва за другите постапки, кои се водат во ЕЛС, како надлежен орган.

Со воспоставувањето на ваков веб сервер, помеѓу ЦРМ и ЗЕЛС, би се надминал проблемот што произлегува од поединечното доставување на барањата за податоци од страна на општините до ЦРМ, би се забрзал временскиот рок на доставување на одговор на нив и би се релаксирала потребата од дополнителното ангажирање на човечки ресурси за нивно обезбедување и обработка.



kanë Ligj për qasje të lirë të informacineve kurse rëndësia e tij është sigurimi të jetohet në një shoqëri me pak të korruptuar. Thelbësisht sipas hulumtimeve që realizohen nga Transparency International, nga 178 vende, Maqedonia gjendet në vendin e 62-të sipas indeksit të korrupsionit.

BNJVL-ja dhe Komisioni për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë të informacioneve me karakter publik më 19 shtator të vitit 2013 nënshkruan Memorandum për bashkëpunim, i cili mes tjerash, përmban edhe trajnim të përhershëm për personat zyrtarë për ndërmjetësim të informacioneve me karakter publik nga komunat, me qëllim punë transparente dhe të përgjegjshme nga ana e autoriteteve lokale në vendin tonë.

## BNJVL-JA PROPOZOI LEHTËSIM TË KOMUNIKIMIT NDËRMJET KOMUNAVE DHE REGJISTRIT QENDROR TË RM-SË, NËPËRMJET VENDOSJES SË UEB-SHËRBIMIT

Më datë 13 nëntor të vitit 2013, përfaqësues nga BNJVL-ja mbajtën takim të përbashkët me përfaqësues nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë, ku diskutuan për mundësitë e vendosjes së ueb-shërbimeve për shkëmbimin e të dhënave ndërmjet Regjistrit Qendror dhe BNJVL-së, në emër të të gjitha komunave. U bë marrëveshje të formohet grup punues i cili do t'i analizojë aspektet juridike dhe teknike për vendosjen e sistemit elektronik për shkëmbimin e informacioneve dhe të dhënave, që në pajtim me ligj i mbledh, sistematizon dhe posedon Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë. Një rëndësi të madhe për komunat kanë të dhënat për personat juridikë, të nevojshëm për arkëtimin e taksave komunale nga ana e autoriteteve lokale edhe për të dhëna për situatat aktuale të shoqatave tregtare për procedurat e tjera që udhëhiqen nga NJVL-ja si organ kompetent.

Me vendosjen e këtij ueb-serveri, mes RQM-së dhe BNJVL-së, do të anashkalohet problemi i cili del si rezultat i dërgesës së kërkesave për të dhëna nga ana e komunave deri te RQM-ja, do të përshpejtohet afati kohor i dërgimit të përgjigjes së të njejtave dhe do të relaksohet nevoja nga angazhimi shtesë i resurseve njerëzore për sigurimin dhe përpunimin e të njejtave.

# ИЗГОТВЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА 2012 ГОДИНА

# U PËRPILUA RAPORTI PËR PROCESIN E DECENTRALIZIMIT FISKAL NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË PËR VITIN 2012

На 11 ноември, 2013 година, во хотелот „Континентал”, беше организирана тркалезната маса на тема „Координација на буџетски политики – постигнување на поголема синергија на буџетските политики”, на која претставникот од Министерството за финансии, Вукица Савеска, го презентираше Извештајот за процесот на фискалната децентрализација во Република Македонија во 2012 година. Во него, анализирани се фискалните податоци на општините за 2011 и за 2012 година, според кои е утврден напредок во процесот на фискалната децентрализација во земјава, за 2012 година, но и за последните пет години од аспект на зголемување на капацитетите на општините за собирање, наплата и управување со локалните даноци и такси, на грантовите од централната власт, како и зголемување на изворите на финансирање по основ на концесии, продажба на државно градежно земјиште и др.

Во овој Извештај, прво се анализирани фискалните перформанси на општините во 2011 и 2012 година, преку анализа на приходите и расходите, а направени се и споредби од доменот на фискалната децентрализација во земјите од ЕУ-27. Дадени се и детални пресметки по општини. Беше изнесено дека учеството на остварените приходи на општините во 2012 во БДП изнесува 6.36%, што претставува пораст од скоро еден процентен поен во однос на учеството во 2011 година (5.78%). Споредбено, просекот на приходите на локалните власти во однос на БДП во ЕУ-27, изнесува 12% од БДП. Во Извештајот беше посочено дека во 2012 година, речиси е заокружен преминот на општините во втора фаза од фискална децентрализација (освен една општина).

Вкупниот износ на реализирани трансфери за 2012 година, според податоците од Извештајот, изнесувал 14.207.052.824 денари, само за пренесените надлежности – без дотацијата од ДДВ. Најголемиот дел од трансферите во 2012 година, или 96.57% се блок дотации на општината по одделни намени, а остатокот се наменски дотации на општината за активности од образованието и од пожарникарството, со учество од 0,02% и 1,97%, соодветно. Доколку се анализираат програмите кои се финансираат со блок дотациите во општините, најголемо учество, 61,4% се реализираат во основното образование, потоа со 28,6% е средното образование, а финансирањето на детските градинки е со 8,1% учество. Во Извештајот е изнесено дека општините, 46% од своите расходи ги финансираат од сопствени извори, додека пак 48% од дотациите. Како резултат на постојниот систем на финансирање, преку наменски и блок дотации, за финансирање само на трансферираните установи, кои што главно се лоцирани во поголемите, урбани општини, констатиран е поголем диспаритет меѓу општините. Посочено е дека воспоставувањето на поголема

Më datë 11 nëntor të vitit 2013 në hotelin „Kontinental“ u organizua tryezë rrumbullake me temë „Koordinimi i politikave të buxhetit – arritja e sinergjisë më të madhe të politikave të buxhetit“, në të cilën përfaqësuesja e Ministrisë së financave, Vukica Saveska, e prezantoi Raportin për procesin e decentralizimit fiskal në Republikën e Maqedonisë për vitin 2012. Në të janë të analizuara të dhënat fiskale të komunave për vitin 2011 dhe 2012, sipas së cilave është përcaktuar përparim në procesin e decentralizimit fiskal në vend për vitin 2012 por edhe për pesë vitet e fundit nga aspekti i zmadhimit të kapaciteteve të komunave për mbledhjen, arkëtimin dhe menaxhimin e taksave dhe tatimeve lokale, të granteve në pushtetin qendror, si dhe zmadhimi i burimeve të financimit në bazë të koncesioneve, shitja e tokës ndërtimore shtetërore etj.

Në këtë Raport parësisht janë analizuar performancat fiskale të komunave në vitin 2011 dhe 2012, nëpërmjet analizës së të hyrave dhe të dalave janë bërë aspekte krahasuese në sferën e decentralizimit fiskal në vendet nga BE-27. Janë dhënë edhe llogaritje të detajuara sipas komunave. U theksua se pjesëmarrja e të ardhurave të realizuara të komunave në vitin 2012 në PBB është 6,36% që paraqet rritje prej rreth një pike përqindjeje në lidhje me pjesëmarrjen në vitin 2011 (5,78%). Krahasimisht, përqindja e të ardhurave të autoriteteve lokale në lidhje me PBB-në në BE-27 është 12% nga PBB-ja. Në Raportin u theksua se në vitin 2012 është pothuajse i rrumbullakosur kalimi i komunave në fazën e dytë nga decentralizimi fiskal (përveç një komune).

Shuma e plotë e transferimeve të realizuara për vitin 2012 sipas të dhënave të Raportit është 14,207,052,824 denarë, vetëm për kompetencat e transferuara – pa dotacionin nga PBB-ja. Pjesa më e madhe nga transferimet e vitit 2012 ose 96,57% janë blok dotacionet e komunave sipas dedikimeve të posaçme, kurse pjesa tjetër janë dotacione dedikuese të komunave për aktivitete nga arsimi dhe nga zjarrfikësia, me pjesëmarrje nga 0.02% dhe 1.97%, respektivisht. Nëse analizohen programet që financohen me blok dotacione në komunat, pjesëmarrja më e madhe, 61,4% realizohet në arsimin fillor, më pas me 28,6% është arsimi i mesëm kurse financimi i kopshteve për fëmijë është me pjesëmarrje prej 8.1%. Në Raport theksohet se komunat, 46% nga të dalat e tyre i financojnë nga burimet e veta kurse 48% nga dotacionet. Si rezultat i sistemit të tanishëm për financim, nëpërmjet blok dotacioneve dhe ato të dedikuese, vetëm për financimin e institucioneve të transferuara, të cilat kryesisht janë të vendosura në komunat më të mëdhaja urbane, është konstatuar dallim më i madh mes komunave. Është theksuar se

меѓуопштинска соработка би придонела сите општини да ги зајакнат капацитетите за извршување на одделни надлежности и испорака на услуги на поекономичен начин со воедначување на услугите на локално ниво.

Во 2012 година остварени се вкупни даночни приходи во износ од 6.938.824.487 денари и остварен е пораст од над 23% во однос на претходната година како резултат на пораст на наплатата на даноците на имот, комуналните такси и надоместоци кои ги администрира и наплаќа општината. Ова укажува на зголемената автономија на општините за администрирање и наплата на сопствените приходи, со што Република Македонија се повеќе се усогласува со одредбите од член 9, од Европската повелба за локална самоуправа.

И покрај ваквите податоци, утврдени во Извештајот за континуирано зголемување на средствата за спроведување на надлежностите на локалните власти, во согласност со Систематизираните ставови на ЗЕЛС, општините се залагаат за обезбедување на поголема финансиска независност, преку зголемување на зафаќањето од ДДВ од најмалку 6%, наспроти сегашните 4,5%, како и зголемување на зафаќањето од персоналниот данок од сегашните 3% на најмалку 30%. Беше укажана потребата за зголемување на блок дотациите, особено за спроведување на надлежноста образование и во согласност со Европската повелба на локалната самоуправа, секое префрлање на нови одговорности или надлежности од централно на локално ниво, да биде адекватно проследено со соодветни потребни финансиски средства.

vendosja e bashkëpunimit më të madh ndërkomunal do të kontribuonte që të gjitha komunat të përforcojnë kapacitetet për zbatimin e kompetencave të caktuara dhe dhënien e shërbimeve në mënyrë më ekonomike me barazimin e shërbimeve në nivel lokal.

Në vitin 2012 janë realizuar të hyra tatimore gjithsej në vlerë prej 6,938,824,487 denarë dhe është realizuar rritje prej mbi 23% në lidhje me vitin e kaluar si rezultat i rritjes së pagimit të tatimeve mbi pronën, taksat komunale dhe kompenzimet të cilat i administron dhe i pagon komuna. Kjo tregon pavarësinë e zmadhuar e komunave për administrimin dhe arkëtimin e të hyrave të veta, me se Republika e Maqedonisë pajtohet sa më shumë me dispozitat nga neni 9, Karta Evropiane për Vetëqeverisje Lokale.

Përveç këtyre të dhënave, të përcaktuara në Raportin për zmadhim të vazhdueshëm të mjeteve për zbatimin e kompetencave të autoritetve lokale, në pajtim me Qëndrimet e Sistematizuara të BNJVL-së, komunat përkushtohen në sigurimin e pavarësisë më të madhe financiare, nëpërmjet zmadhimit të përmbajtjes së PBB-së nga së paku 6%, kundrejt 4,5% aktuale si dhe zmadhimi i përmbajtjes së tatimit personal nga të tanishmet 3% në së paku 30%. U theksua nevoja për zmadhimin e blok dotacioneve, veçanarisht për zbatimin e kompetencës së arsimit dhe në pajtim me Kartën Evropiane për Vetëqeverisje Lokale, secili transferim i obligimeve ose kompetencave të reja nga niveli lokal qendror të jetë i përndjekur në mënyrë adekuate me mjetet e nevojshme të posaçme.

## ПОДДРШКА НА 134 ПРОЕКТИ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## PËRKRAHJE PËR 134 PROJEKTE PËR ZHVILLIM RURAL

Преку Националната рпрограма за финансиска поддршка на руралниот развој ќе бидат поддржани вкупно 134 проекти, од 72 општини, со вкупен износ од 1,045 милијарди денари. Општините што аплицирале, ќе добијат поддршка за најмалку еден, а најмногу три проекти. Според информациите од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, до крајот на годинава, авансно ќе бидат исплатени 20% од средствата, а останатите, по реализација на проектите во 2014 и 2015 година. Врз основа на објавениот повик за поднесување на проекти за мерките - подобрување на квалитетот на животот во руралните средини, обнова и развој на селата и зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, од општините пристигнале вкупно 174 барања за финансиска поддршка. Проектите опфаќаат инвестиции за изградба на локална патна инфраструктура, вклучително и мостови, поврзување на две или повеќе села во должина до пет километри, поврзување села со регионален пат или населено место во должина од седум километри, водоснабдувачки и канализациски системи во села до 1.500 жители, вложувања во објект за продажба на земјоделски производи и добиток, изработување урбанистички планови, изградба и реконструкција на селски улици во должина од еден километар, плоштади и шеталишта во рурални средини, патишта до излетнички места и нивно уредување, како и означување културни и природни знаменитости.

Nëpërmjet Programit Kombëtar për përkrahjen financiare të zhvillimit rural do të përkrahen gjithsej 134 projekte, nga 72 komuna, me një vlerë të plotë prej 1,045 miliard denarë. Komunat që kanë aplikuar do të fitojnë përkrahje për së paku një dhe së shumti tre projekte. Sipas informacioneve të Agjencisë për përkrahje financiare të bujqësisë dhe zhvillimit rural, deri në fundin e vitit, do të paguhen si avans 20% nga mjetet kurse të tjerat pas realizimit të projekteve në vitin 2014 dhe 2015. Në bazë të thirrjes së publikuar për parashtrimin e projekteve për masat - përmirësimi i cilësisë së jetës në mjediset rurale, rinovimi dhe zhvillimi i fshatrave dhe mbrojtja e përparimi i vlerave tradicionale në zonat rurale, nga komunat kanë arritur gjithsej 174 kërkesa për përkrahje financiare. Projektet përmbajnë investime për ndërtimin e infrastrukturës rrugore lokale, duke përfshirë dhe ura, lidhjen e dy ose më shumë fshatrave në gjatësi prej pesë kilometrash, sisteme ujësjellëse dhe kanalizime në fshatra me deri 1500 banorë, investime në objekt për shitjen e prodhimeve bujqësore dhe bagëtisë, përpilimin e planeve urbanistike, ndërtimin dhe rikonstruktimin e rrugëve të fshatit në gjatësi prej një kilometri, sheshe dhe vendkalime në mjediset rurale, rrugë deri te vendet për piknik dhe rregullimi i tyre si dhe shënimi i monumenteve kulturore dhe natyrore.



# ИНВЕСТИЦИИ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ

# INVESTIMET DHE SHFRYTËZIMI I POTENCIALEVE LOKALE PËR ZHVILLIM

ЗЕЛС тренинг центарот, на 8 ноември, 2013 година, во административната зграда на ЗЕЛС, организираше еднодневна обука за членовите на Мрежата за локален економски развој (ЛЕР). Темата на оваа обука „Локални инвестиции и искористување на локалните потенцијали за развој и инструменти и модели на (ко)финансирање” побуди голем интерес кај вкупно 45 присутни претставници од општините. Обуката опфати четири области од ЛЕР, кои беа презентирани од стручни лица од Министерството за економија, од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на Република Македонија (ДТИРЗ), од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИРМ) и Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот (АППТ).

Претставничката од Министерство за економија, Лидија Паскалова, говореше за потребата од поддршка на малите и средните претпријатија за воспоставувањето на јавното- приватно партнерство и ефективните услуги, при што присутните ги запозна и со значењето и целите на Стратегија за развој на земјите од ЈИЕ 2020 год. Од Дирекција за технолошки индустриски развојни зони на Република Македонија, Николина Стојановска, на присутните им го објасни значењето на правилното просторно планирање и искористување на градежното земјиште од страна на општината, како и креирањето на можности за искористување на човечкиот потенцијал во општините. За функционирањето на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, говореше Игор Велевски од оваа Агенција, кој ги запозна присутните со начинот на нејзиното функционирање, активностите за привлекување на странските директни инвестиции во земјава, искуствата со инвеститорите, маркетинг услугите и другите потреби за добивање на проекти, како и споделување на успешни примери на организации кои веќе инвестирале во нашата земја. Последната сесија на оваа обука беше од областа на локалниот развој и туризмот. Претставниците на Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот, Дарко Налевски и Дејан Богданов, дискутираа со учесниците за Законот за автокампови, го презентираа проектот „Планински патеки”, и други проекти за поддршка на туризмот насочени кон општини, како и за важноста на усогласување на стратегиите на општините со националната стратегија за туризам.

Во текот на обуката, присутните активно дискутираа на сите понудени теми, при што особено интересирање покажаа за можностите и начините на обезбедување на услови за развивање на туризмот во рамките на својата општина. Од тие причини, ЗЕЛС тренинг центарот во соработка со Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот, за членовите на Мрежата на ЛЕР до крајот на оваа година ќе организира посебна обука, која ќе биде посветена исклучиво на оваа тема.

Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së, më 8 nëntor të vitit 2013, në ndërtesën administrative të BNJVL-së, organizoi trajnim njëditor për anëtarët e Rrjetit për zhvillim ekonomik lokal (ZHEL). Tema e këtij trajnimi „Investimet lokale dhe shfrytëzimi i potencialeve njerëzore për zhvillim dhe instrumentet e modelet e kofinancimit“ zgjoi interes të madh në gjithsej 45 përfaqësues komunal të pranishëm. Trajnimi përfshiu katër sfera të ZHEL-it, të cilat u prezantuan nga personat profesionalë nga Ministria e ekonomisë, nga Drejtoria për zona teknologjike industriale zhvillimore në Republikën e Maqedonisë (DZTIZH), nga Agjencioni për investime të huaja dhe promovim të eksportit në Republikën e Maqedonisë (AIHPERM) dhe Agjencioni për përkrahjen dhe promovimin e turizmit (APPT).

Përfaqësuesja e Ministrisë së ekonomisë, Lidija Paskallova diskutonte për nevojën për përkrahje të ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme, për themelimin e partneritetit publik-privat dhe shërbimet efektive, ku edhe të pranishmit i njohu me rëndësinë e qëllimeve të Strategjisë për zhvillimin e shteteve të EJL 2020. Nga Drejtoria për zona teknologjike industriale zhvillimore në Republikën e Maqedonisë, Nikolina Stojanovska të pranishmëve i'a shpjegoi rëndësinë e planifikimit hapësinor të rregullt dhe shfrytëzimit të tokës ndërtimore nga ana e komunave, si dhe krijimiin e mundësive për shfrytëzimin e potencialit njerëzor në komunat. Për funksionimin e Agjencionit për investime të huaja dhe promovim të eksportit në Republikën e Maqedonisë, mbajti fjalim Igor Velevski nga i njejti Agjencion, i cili i njohu të pranishmit me mënyrën e funksionimit të saj, aktivitetet për tërheqje të investimeve të huaja direkte në vend, përvojat me investuesit, shërbimet e marketingut dhe nevoja tjera për fitimin e projekteve si edhe shkëmbimi i shembujve të suksesshëm të organizatave të cilat tashmë kanë investuar në vend. Seanca e fundit e këtij trajnimi ishte nga sfera e zhvillimit lokal dhe turizmit. Përfaqësuesit e Agjencionit për përkrahje dhe promovim të turizmit, Darko Nalevski dhe Dejan Bogdanov diskutuan me përfaqësuesit për Ligjin për autokampe, e prezantuan projektin „vendkalime malore“ dhe projekte të tjera për përkrahjen e turizmit dedikuar komunave, si edhe për rëndësinë e përshtatjes së strategjive të komunave me strategjinë kombëtare për turizëm. Gjatë trajnimit të pranishmit debatuan në mënyrë aktive për të gjitha temat e ofruara, ku interes të veçantë shprehën për mundësitë dhe mënyrat e sigurimit të kushteve për zhvillimin e turizmit në kuadër të komunës së tyre. Nga këto arsye, Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së në bashkëpunim me Agjencionin për përkrahje dhe promovim të turizmit, për anëtarët e Rrjetit të ZHEL-it, deri në fund të vitit do të organizojë trajnim të veçantë i cili do t'i dedikohet pikërisht temës në fjalë.



# ОДРЖАНА ВТОРАТА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Надзорниот одбор на ЗЕЛС ја одржа втората седница на 26 ноември, 2013 година, во просториите на административната зграда на Заедницата. Присутните градоначалници, членови на ова тело, дискутираа за Акцискиот план и за Буџетот на ЗЕЛС за 2014 година и истите ги усвоија. На оваа седница беше разгледуван и предложениот текст на ревидираниот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2014-2015 година.

Членовите на Надзорниот одбор беа запознаени со предлозите во ревидираниот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2014-2015 година, од страна на извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ. Таа ги презентираше четирите стратегиски цели, наспроти досегашните осум: застапување и лобирање, финансиска стабилност на општините, обезбедување и одржување систем на услуги на единиците на локалната самоуправа и обезбедување одржливост и професионалност на Извршната канцеларија на ЗЕЛС. Во третата цел опфатени се три посебни цели: зајакнување на капацитетите на ЕЛС, поддршка за користење на ЕУ фондовите , креирање и одржување на е-услуги за ЕЛС.

Претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС, г-дин Жика Стојановски, ја поздрави оваа иницијатива на стручната служба на ЗЕЛС за ревидирање на Планот, особено што и тој беше директен учесник во подготвувањето на Стратегискиот план за 2011-2015 година и забележа дека многу од целите се веќе исполнети. Овој предлог беше едногласно усвоен од страна на членовите на Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

Планот на активности за 2014 година е изготвен, следејќи го новиот терк на ревидираниот Стратешки план на ЗЕЛС за 2014-2015 година. Како најзначајни беа потенцирани активностите поврзани со основната улога на ЗЕЛС, лобирањето во полза на локалните власти, но во него се утврдени и многу други активности кои се однесуваат на зајакнувањето на капацитетите на локалната администрација и на поддршката на општините за развивање и спроведување на електронски услуги. Претставниците на Надзорниот одбор едногласно го усвоија Предлог-акцискиот план на ЗЕЛС за 2014 година, како и предлог-буџетот на ЗЕЛС, утврден во согласност со предвидените активности за 2014 година.

Надзорниот одбор го реафирмираше прашањето за учество на општините во распределбата на надоместоците од средствата од концесијата на земјоделското земјиште и побара истото да биде разгледувано на Управниот одбор на ЗЕЛС. Членовите на ова тело укажаа и на потребата за повторно иницирање на барањето за апанажа на градоначалниците, бидејќи и тие, како и пратениците во Собранието на РМ, се избрани од народот на непосредни избори. Беше потенцирана и потребата од донесување на итни мерки за наплата на задолжителниот членски надоместок на општините кон ЗЕЛС, бидејќи анализата покажа низок процент на подмирување на оваа обврска на општините.

# U MBAJT SEANCA E DYTË E BORDIT MBIKËQYRËS TË BNJVL-SË

Bordi Mbikëqyrës i BNJVL-së mbajti sencën e dytë më 26 nëntor të vitit 2013 në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së. Kryetarët e pranishëm, anëtarë të këtij trupi, diskutuan për Planin Aksional dhe për Buxhetin e BNJVL-së për vitin 2014 dhe të njejtat i aprovuan. Në këtë seancë u shqyrtua edhe teksti i propozuar i Planit Strategjik të reviduar të BNJVL-së për vitin 2014-2015.

Anëtarët e Bordit Mbikëqyrës u njohën me propozimet e Planit Strategjik të reviduar të BNJVL-së për vitin 2014-2015, nga ana e Drejtoreshës ekzekutive të BNJVL-së, Dushica Perishiq. Ajo i prezantoi katër qëllimet strategjike krahas tetë të deritanishme: Përfaqësimi dhe lobimi, Qëndrueshmëria financiare e komunave, Sigurimi i mirëmbajtjes së sistemit të shërbimeve për njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe Sigurimi i qëndrueshmërisë dhe profesionalizmit të Zyrës Administrative të BNJVL-së. Në qëllimin e tretë janë përfshirë tre qëllime të veçanta: Përforcimi i kapacitetetve të NJVL-së, Përkrahje për shfrytëzimin e Fondeve të BE-së, Krijimi dhe mirëmbajtja e e-shërbimeve për NJVL-në.

Kryetari i Bordit Mbikëqyrës së BNJVL-së zotëri Zhika Stojanovski përshëndeti këtë iniciativë të shërbimit profesional të BNJVL-së për revidimin e Planit, posaçërisht që edhe ai ishte përfaqësues direkt në përgatitjen e Planit strategjik për vitet 2011-2015 dhe vuri re se shumë nga qëllimet janë tashmë të realizuara. Ky propozim ishte unanimisht i miratuar nga ana e anëtarëve të Bordit Mbikëqyrës të BNJVL-së.

Plani i aktiviteteve për vitin 2014 është i hartuar duke e ndjekur shembullin e ri të Planit strategjik të reviduar të BNJVL-së për vitet 2011-2015. Si më të rëndësishme u theksuan aktivitetet lidhur me rolin kryesor të BNJVL-së, lobimi në favor të autoriteteve lokale, por në të janë të përcaktuara edhe shumë aktivitete të tjera të cilat i dedikohen përforëcimit të kapaciteteve të administratës lokale dhe përkrahjes së komunave për zhvillimin dhe zbatimin e shërbimeve elektronike. Përfaqësuesit e Bordit Mbikëqyrës unanimisht e aprovuan Propozim Planin aksional të BNJVL-së për vitin 2014 si dhe Propozim Buxhetin e BNJVL-së i caktuar në pajtim me aktivitetet e parashikuara për vitin 2014.

Bordi Mbikëqyrës e riafirmoi çështjen për pjesëmarrjen e komunave në shpërndarjen e kompensimeve për mjetet nga koncesioni i tokës bujqësore dhe kërkoi e njejta të shqyrtohet në Bordin Drejtues të BNJVL-së. Anëtarët e këtij trupi e theksuan edhe nevojën për inicim të përsëritur të kërkesës për apanazh të kryetarëve sepse edhe ata si deputetët e Kuvendit të RM-së zgjidhen nga populli në zgjedhje të derjtpërdrejta. U theksua edhe nevoja për sjelljen e masave urgjente për arkëtimin e kompensimit të detyruar për anëtarësi të komunave drejt BNJVL-së sepse analiza ka treguar përqindje të ulët të shlyerjes së këtij detyrimi nga ana e komunave.




# УСВОЕНИ ПЛАНОТ НА АКТИВНОСТИ И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЗЕЛС ЗА 2014 ГОДИНА

# U MIRATUAN PLANI I AKTIVITETEVE DHE PLANI FINANCIAR I BNJVL-SË PËR VITIN 2014

Управниот одбор на ЗЕЛС на 29 ноември, 2013 година, ја одржа четвртата седница на која беа разгледувани значајни документи за работењето на Заедницата и воедно се дискутираше за бројните предизвици со кои се соочуваат локалните власти во спроведувањето на своите надлежности. Пред присутните беше презентиран ревидираниот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2014-2015 година, како и Планот на активности на ЗЕЛС, заедно со Финансискиот план, за 2014 година. Беше посочено дека следната година Заедницата ќе ги засили активностите на полето на лобирањето и застапувањето за своите членки, со цел обезбедување на поквалитетни промени за напредокот на децентрализацијата на власта во земјава. Во акцискиот план е утврдено дека ЗЕЛС ќе продолжи да ги зајакнува капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот и дека ќе обезбедува нови електронските услуги за општините, преку ЗЕЛС единицата за поддршка на е-услуги. Предвидено е обезбедување на најмалку две нови софтверски алатки за општините (е-катастарот на загадувачи и софтверска алатка во согласност со Законот за јавна чистота), а се прават напори за обезбедување на средства за уште неколку поголеми софтвери, што ќе им овозможат на општините да испорачуваат поквалитетни услуги за граѓаните. Потребата од зајакнување на капацитетите на општините за поголемо искористувањето на средствата од ИПА фондовите, исто така, претставува приоритет на ЗЕЛС за следната година, за што веќе се започнати разговори со адекватни институции. По дискусијата за содржината на овие значајни документи, тие беа едногласно усвоени.

На овој состанок, во согласност со планираните активности за следната година, се дискутираше и за формирањето на Банка на општините, која ќе биде наменета исклучиво за потребите на општините и за која веќе е изготвена студија. Иницијативата за формирање на ваква банка произлезе од одредени општини, кои сметаат дека локалните власти на овој начин ќе имаат поголеми можности за реализирање на поголеми инфраструктурни зафати, ќе можат во поголем процент да ги искористуваат средствата од ИПА фондовите, според кои општината однапред инвестира, а дури потоа ги добива вложените средства и ќе ги избегнат високите камати и предизвиците со кои се соочуваат при барањата за кредитирање од постојните комерцијални банки. Беше посочено дека вакви примери на општински банки има во многу европски земји, па и во некои земји од регионот. Членовите на УО ја истакнаа потреба од повторно разгледување на изготвената студија, за што беше побарано да се обезбеди заедничка средба на Управниот одбор и членовите на Комисијата

Bordi Drejtues i BNJVL-së, më datë 29 nëntor të vitit 2013, mbajti seancën e katërt në të cilën u shqyrtuan dokumente të rëndësishme për punën e Bashkësisë dhe njëkohësisht u diskutua për sfidat e shumta me të cilat ballafaqohen autoritetet lokale në zbatimin e kompetencave të tyre. Para të pranishmëve u prezantua Plani strategjik i reviduar i BNJVL-së për vitet 2014-2015 si edhe Plani i aktiviteteve të BNJVL-së bashkë me Planin financiar për vititn 2014. U theksua se vitin e ardhshëm Bashkësia do t'i forcojë aktivitetet në fushën e lobimit dhe përfaqësimit të anëtareve të saja, me qëllim që të sigurojë ndryshime më cilësore për përparimin e decentralizimit të pushtetit në vend. Në planin aksional është caktuar se BNJVL-ja do të vazhdojë me përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale nëpërmjet Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së dhe do të sigurojë shërbime të reja elektronike për komunat nëpërmjet Njësisë për përkrahjen e e-shërbimeve të BNJVL-së. Është parashikuar se sigurimi i më së paku dy veglave softuerike për komunat (e-kadastri i ndotësve dhe aplikimi softuerik në pajtim me Ligjin për pastërti publike), por bëhen dhe shumë mundime për sigurimin e mjeteve për disa softuere të tjera më të mëdhaja të cilat do të mundësojnë që komunat të japin shërbime më cilësore për qytetarët. Nevoja për përforcimin e kapaciteteve të komunave për shfrytëzim më të madh të mjeteve nga IPA Fondet gjithashtu paraqet prioritetet për BNJVL-në për vitin e ardhshëm, për të cilën tashmë kanë filluar diskutime me institucionet adekuate. Pas diskutimit për përmbajtjen e këtyre dokumenteve të rëndësishme ata u miratuan unanimisht.

Në këtë takim, në pajtim me aktivitetet e planifikuara për vitin e ardhshëm u diskutua për themelimin e Bankës së komunave, e cila do t'i dedikohet vetëm nevojave të komunave dhe tashmë është përgatitur Studim. Iniciativa për themelimin e një banke të këtillë doli nga disa komuna, të cilat konsiderojnë se autoritetet lokale në këtë mënyrë do të kenë mundësi më të mëdhaja për realizimin e ndërhyrjeve më të mëdhaja infrasturkturore, do të mundin në përqindje më të madhe t'i shfrytëzojnë mjetet e IPA Fondeve, sipas cilave komuna parësisht investon dhe më pas i fiton mjetet e investuara e me këtë do t'i anashkalojnë normat e larta të interesit dhe sfidat me të cilat ballafaqohet gjatë kërkesave për kreditim nga bankat komerciale ekzistuese. U theksua se shembuj të këtillë të bankave komunale ka në shumë vende evropiane por edhe në disa vende në rajon. Anëtarët e BD-së e theksuan nevojën për rishqyrtimin e Studimit të përgatitur, për të cilën u kërkua të sigurohet takim të përbashkët të Bordit Drejtues dhe anëtarëve

за финансирање со подготвувачите на студијата, со цел подетално разгледување на условите и можностите за оправданоста за формирање на оваа банка.

Членовите на УО на ЗЕЛС го разгледаа и Прегледот за наплата на членарината кон ЗЕЛС, од страна на општините (годишниот износ се утврдува според бројот на жителите во општината, односно по осум денари по жител). Беше констатирано дека поголем број општини имаат голем долг кон ЗЕЛС по овој основ. Управниот одбор ја задолжи стручната служба да достави информација до секоја општина за висината на нејзиниот долг, по години, со предложена методологија за исплаќање, за што во рок од седум дена, сите општини треба да се изјаснат за динамиката со која ќе го враќаат долгот, особено оние кои имаат позначителна неисплатена сума.

Управниот одбор ги разгледа и предлозите за членови во 13-те комисии на ЗЕЛС( за финансирање, за образование, за заштита на животна средина, за култура, комунални дејности, е–општини, рамномерен регионален развој .....) Овие комисии се составени од градоначалници, при што беа посочени одредени дополнувања, а беше оставен и период од седум дена за дополнителни предлози до конечното утврдување на листите. Управниот одбор ја потенцира потребата од поголема ангажираност на комисиите, кои за своите активности треба редовно да го информираат Управниот одбор, преку извештаи и директно за сите иницијативи, предлози и модели за подобрување на условите за реализирање на надлежностите на локалните власти од нивната област.

На оваа седница, присуствуваа и претставници од Независниот синдикат на пожарникари, со кој ЗЕЛС има склучено Меморандум за соработка. Тие побараа заеднички дијалог за изнаоѓање решение околу различноста на бодовите за плата, во општините и за други прашања поврзани со нивните работни обврски. Ова точка од дневниот ред на УО, отвори дискусија за неадекватниот надоместокот од блок дотациите, што општините го добиваат за покривање на трошоците на територијалните единици за противпожарна заштита во земјава (вкупно 31) и за оние што општините ги отвориле дополнително, а за чие одржување и функционирање плаќаат исклучиво со сопствени средства. Беше заклучено да се направи збирна информација за вкупниот број на пожарникари, колку од нив се покриени со средствата од блок дотациите за оваа намена, а колку општините покриваат од сопствени средства и да се формира работна група, составена од претставници од ЗЕЛС, од МВР, од Министерството за финансии, која ќе ги разгледа можностите и потребите за поадекватно разрешување на овој проблем.

На седницата стана збор и за предизвиците со кои се соочуваат општините во областа на образованието, особено оние општини кои генерираат големи долгови како резултат на недоволни средства во блок дотациите за оваа намена. Присутните беа запознаени дека во рамките на Владата се формирани две работни групи, едната задолжена за разгледување на постапките со јавните набавки на триесетина општини кои се соочуваат со долгови за огрев и за превоз на учениците, а другата ќе ги разгледува можностите за нови пристапи во методологијата, со цел адекватно распределување на блок дотациите во образованието.

të Komisionit për financim me hartuesit e Studimit me qëllim që të shqyrtohen detajisht të gjitha kushtet dhe mundësitë për arsyetimin e themelimit të kësaj banke.

Anëtarët e BD-së të BNJVL-së e shqyrtuan edhe Shqyrtimin e arkëtimit të anëtarësisë drejt BNJVL-së nga ana e komunave (vlera vjetore caktohet sipas numrit të banorëve të komunës, gjegjësisht tetë denarë për banor). U konstatua se një numër i madh komunash kanë borxh të madh ndaj BNJVL-së sipas kësaj baze. Bordi Drejtues i dha obligimin shërbimit profesional të dërgojë informacion deri te secila komunë për vlerën e borxhit të saj, në vite, me metodologji të propozuar për pagim , që në afat prej shtatë ditëve të gjitha komunat duhet të shprehen për dinamikën me të cilën do ta kthejnë borxhin, posaçërisht ato të cilat kanë një vlerë më të lartë të papaguar.

Bordi Drejtues i shqyrtoi edhe propozimet për anëtarë në 13-komisionet e BNJVL-së (për financim, për arsim, për mbrojtje të mjedisit jetësor, për kulturë, veprimtari komunale, e-komuna, zhvillim rajonal të barabartë...). Këto komisione janë të përbëra nga kryetarë, ku u theksuan plotësime të caktuara dhe ishte dhënë një periudhë prej shtatë ditësh për propozime shtesë deri te përcaktimi përfundimtar i listave. Bordi Drejtues e theksoi nevojën për azhurim më të madh të komisioneve, të cilat për aktivitetet e tyre duhet rregullisht t'a informojnë Bordin Drejtues nëpërmjet raporteve dhe në mënyrë direkte për të gjitha iniciativat, propozimet dhe modelet për përmirësimin e kushteve për realizimin e kompetencave të autoriteteve lokale nga fusha e tyre.

Në këtë seancë morrën pjesë dhe përfaqësues nga Sindikata e pavarur e zjarrfikësve me të cilën BNJVL-ja ka nënshkruar Memorandum për bashkëpunim. Ata kërkuan dialog të përbashkët për gjetjen e zgjidhjeve rreth shumëllojshmërisë së pikave për pagë, në komunat edhe për pyetje të tjera lidhur me detyrat e tyre të punës. Në këtë pikë të rendit ditor të BD-së u hap diskutim për kompensimin joadekuat nga blok dotacionet që komunat i fitojnë për mbulimin e shpenzimeve të Njësive territoriale të mbrojtjes zjarrfikëse në vend (gjithsej 31) edhe për ata që komunat i kanë hapur plotësisht por për mirëmbajtjen dhe funksionimin e të cilave paguajnë vetëm me mjetet e tyre. U konkludua se që të arrihet informacion përmbledhës për numrin e plotë të zjarrfikësve, sa prej tyre mbulohen me mjetet nga blok dotacionet për këtë dedikim dhe sa komunat mbulojnë me mjetet e veta, të formohet Grup punues i përbërë nga përfaqësues nga BNJVL-ja, nga MPB-ja, nga Ministria e financave e cila do t'i shqyrtojë mundësitë dhe nevojat për zhgjidhjen më adekuate të këtij problemi.

Në seancë u diskutua për sfidat me të cilat ballafaqohen komunat në fushën e arsimit, posaçërisht në komunat të cilat gjenerojnë shumë borxhe si rezultat të mjeteve të pamjaftueshme në blok dotacionet për këtë dedikim. Të pranishmit u njohën se në kuadër të Qeverisë janë formuar dy grupe punuese, njeri për shqyrtimin e procedurave me furnizimet publike për tridhjetë komuna të cilat ballafaqohen me borxhe për ngrohje dhe transport të nxënësve kurse tjetri do t'i shqyrtojë mundësitë për qasje të reja në metodologji me qëllim që të shqyrtohen në mënyrë adekuate blok dotacionet në arsim.





Присутните ја посочија потребата да се испрати писмо до Министерството за информатичко општество и администрација, со цел распределбата на новите 1.600 вработувања од социјално загрозените семејства (акцијата на Владата на РМ) во општините да се направи во согласност со потребите и можностите на секоја општина. Притоа, да се утврди обврската доколку вработениот ја одбие добиената позиција соодветна на неговиот степен на образование, општината да нема обврска да го вработи. Беше посочено при распределувањето на лицата по институциите кои се финансираат со блок дотации, да се обезбеди надополнување и за овие средства. Присутните побараа во комуникација со Бирото за јавни набавки, ЗЕЛС да организира обуки за вработените од општините од оваа област, а кои ќе се однесуваат на новите законски измени.

Во однос на данокот на имот, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС иницираа одредени промени, односно предложија, за објектите во кои сопственикот живее да го плаќа целосниот износ од утврдената основица, а за објектите кои не ги користи за живеење, данокот на имотот, да се зголеми двојно. Беше истакната и потребата да им се овозможи на проценителите на имотот да влезат во секој дом, со цел утврдување на реалната вредност на објектот, а беше посочено, локалните власти, адекватно да ги искористуваат можностите за присилно извршување на наплатата. Иницирано беше и укинување на повластувањата за објектите кои се третираат како културно наследство, чии сопственици се ослободени од плаќање на данокот на имот. Беше предложено да се поднесе барање до МИОА за организирање на советување за секретарите на општините, за дополнително објаснување за реализација на активностите од проектот „Нема погрешна врата". Исто така, беше истакната потребата од законски измени во однос на обврската на општината да ја надоместува штетата во случај граѓанинот да е каснат од куче, за чие третирање е одговорна општината и во услови кога општината ги презела сите потребни мерки. Беше посочен и хаосот со пералниците за автомобили, кои се поставуваат на несоодветни места во општините, како резултат на промени со кои согласностите за вршење на ваквата дејност ги издава Занаетчиската комора, а општината за тоа воопшто не се консултира.

Присутните изразија загриженост од најавувањата дека на општините ќе им се префрлат спортските објекти со кои стопанисува државата, за што беше посочено дека ваквата иницијатива може да се прифати, но само за објектите кои немаат долгови, при што беше побарано да се иницира состанок со генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

На четвртиот состанок на Управниот одбор беа изнесени и иницијативи за обезбедување на поголема финансиска независност на руралните општини, односно беше предложено да се реактивира барањето за исплаќањето на концесиите од земјоделското земјиште во соодност 80% - 20%, во полза на општините, а исто така беше посочено да се интервенира во Националната програма за финансиска поддршка на руралниот развој, со цел опфаќање на подрачја со 2.000 или 4.000 жители, а не само за подрачја до 1.500 жители.

Të pranishmit e theksuan nevojën të dërgohet letër te Ministria për shoqëri informatike dhe administrim me qëllim që të shpërndahen 1,600 vende të reja pune nga familjet e prekuara sociale (aksion i Qeverisë së RM-së) në komunat të bëhet në pajtim me nevojat dhe mundësitë e secilës komunë. Pas kësaj u caktua obligimi nëse i punësuari nuk e pranon pozitën e dhënë e përshtatur me nivelin e tij të arsimit, komuna nuk ka obligim t'a punësojë. U theksua se gjatë shpërndarjes së personave në institucionet të cilat financohen me blok dotacione të mundësohet plotësimi edhe i këtyre mjeteve. Të pranishmit kërkuan që në komunikim me Zyrën e furnizimeve publike, BNJVL-ja të organizojë trajnime për të punësuarit e komunave në këtë fushë lidhur me ndryshimet e reja ligjore.

Në lidhje me tatimin mbi pronën, anëtarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së inicuan disa ndryshime të caktuara, gjegjësisht propozuan që për objektet në të cilat jeton pronari t'a paguajë vlerën e plotë e bazës së caktuar kurse për objektet të cilat nuk i shfrytëzon për jetesë tatimi mbi pronën të zmadhohet dy herë. U theksua edhe nevoja që vlerësuesve të pronës t'i mundësohet të hyjnë në çdo banesë, me qëllim që të përcaktojnë vlerën reale të objektit, por u theksua se autoritet lokale duhet t'i shfrytëzojnë në mënyrë adekuate mundësitë për zbatimin e arkëtimit me forcë. U inicua edhe heqja e autorizimeve për objektet të cilat trajtohen si trashëgimi kulturore, pronarët e të cilave janë liruar nga pagimi i tatimit mbi pronën. U diskutua edhe për ndryshime në Ligjin për kontestet administrative, i cili është në procedurë kuvendëse si dhe për Ligjin për vlerë të shtuar. U propozua të parashtrohet kërkesë deri te MSHIA për organizim të këshillimit për sekretarët e komunave, për shpjegim plotësuesnë lidhje me rregullimin e kompensimeve, si rezultat nga realizimi i aktiviteteve nga projekti ,'Nuk ka derë të gabuar". Gjithashtu u theksua nevoja për ndryshime ligjore në lidhje me obligimin e komunave t'a kompensojnë dëmin në rastet kur qytetari kafshohet nga një qen, për trajtimin e të cilit është përgjegjëse komuna dhe në kushtet kur komuna i ndërmerr të gjitha masat e nevojshme. U theksua edhe kaosi me lavazhet e makinave të cilat janë vendosur në vende të papërshtatshme në komuna, si rezultat të ndryshimeve me të cilat pajtueshmëritë për zbatimin e kësaj veprimtarie i lëshon Oda e zejtarëve kurse komuna nuk konsultohet aspak për këtë.

Të pranishmit shprehën shqetësim për publikimet se komunave do t'i transferohen objektet sportive me të cilët administron shteti dhe u theksua se një iniciativë e këtillë mund të pranohet, por vetëm për objekte të cilat nuk kanë borxhe dhe u kërkua të inicohet takim me sekretarin e përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë.

Në takimin e katërt të Bordit Drejtues të BNJVL-së u shprehën edhe iniciativat për sigurimin e pavarësisë më të madhe financiare të komunave rurale gjegjësisht u propozua të riaktivizohet kërkesa për pagimin e koncesioneve nga toka ndërtimore në raport 80%-20%, në favor të komunave dhe gjithashtu u theksua të intervenohet në Programin kombëtar për përkrahje financiare të zhvillimit rural, me qëllim që të përfshihen edhe zona me 2.000 ose 4.000banorë dhe jo vetëm zona me 1.500 banorë.







***Одржана работилница на членовите на Мрежата на ПР од општините, при ЗЕЛС***

***U mbajt punëtoria e anëtarëve të Rrjetit të PR-ve nga komunat pranë BNJVL-së***

# ПОТРЕБА ОД СТРАТЕГИСКИ ПРИСТАП ВО ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТ ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

# NEVOJË PËR QASJE STRATEGJIKE NË MARRËDHËNIET ME PUBLIKUN PRANË BNJVL-SË

ЗЕЛС тренинг центарот, на 19 ноември, 2013 година, во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, организира еднодневна работилница за ПР лицата од локалните власти. Темата на оваа работилница беше „Воведување на стратегија за односи со јавноста во општината", како резултат на утврдениот незадоволителен процент на општини кои имаат изработено ваков документ со кој се планира постојаната двонасочна комуникација на општината со своите целни јавности. Една од општините што има изработено ваква стратегија за односи со јавноста е општината Кочани. Лицето за односи со јавност од оваа општина, Љубинка Ајтовска, пред присутните ги презентираше постапките што биле реализирани за добивање на финалната изработка на овој документ. Во презентацијата посочи зошто е потребно една општина да има ваков документ, начинот на изработката на SWOT анализата, го истакна учеството на претставници од утврдените целни групи на оваа локална власт, а ја нагласи и потребата од задолжително усогласување на оваа стратегија со визијата и мисијата на општината, како и со останатите, постојни стратегии. Во дел од сесијата, присутните ПР лица од општините, накратко ги презентираа активностите и алатките што ги користат при реализирањето на односите со јавноста во својата општина. Беа изнесени поголем број на добри практики од одредени општини, што може да се применат од страна на сите ЕЛС во земјава. На оваа работилница, ПР лицата од општините го потенцираа недостатокот од адекватна внатрешна комуникација во локалната власт, со цел обезбедување на што побрз и поквалитетен начин на аполвирање на сите важни информации од вработените во општината за нивно најсоодветно презентирање пред јавноста, односно соодветните целни групи. Беше посочено дека секоја општина, независно дали е урбана или рурална, дали

Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së, më 19 nëntor të vitit 2013, në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së, organizoi trajnim njëditor për personat PR nga autoritetet lokale. Tema e kësaj punëtorie ishte „Vendosja e strategjisë për marrëdhënie me publikun në komunë", si rezultat i përqindjes së caktuar të pakënaqshme të komunave të cilat kanë përpiluar dokument të këtillë me të cilin planifikohet komunikim i vazhdueshëm dypalësh me publikun e vet të synuar. Njëra nga komunat e cila ka përpiluar strategji të këtillë për marrëdhënie me publikun është Komuna e Koçanës. Personi për marrëdhënie me publikun nga kjo komunë, Ljubinka Ajtovska, para të pranishmëve i prezantoi procedurat e realizuara për fitimin e përpilimit final të këtij dokumenti. Në prezantimin theksoi përse është e nevojshme një komunë të posedojë një dokumet të këtillë, mënyrën e përpilimit të SWOT analizës, gjithashtu edhe pjesëmarrjen e përfaqësuesve nga grupet e synuara të caktuara të këtij pushteti lokal dhe nevojën e përputhjes së detyrueshme të kësaj strategjie me vizionin dhe misionin e komunës si edhe me strategjitë e tjera ekzistuese të komunës. Në një pjesë nga seanca, PR-ët e pranishëm nga komunat, shkurtimisht i prezantuan aktivitetet dhe veglat që i shfrytëzojnë gjatë realizimit të marrëdhënieve me publikun në komunat e tyre. U prezantuan një numër i madh praktikash të mira nga komuna të caktuara, të cilat mund të shfrytëzohen nga ana e gjithë NJVL-së të këtij vendi. Në këtë punëtori, PR personat nga komunat e theksuan mungesën e komunikimit të brendshëm adekuat në pushtetin lokal me qëllim që të sigurojë mënyrë më të shpejtë dhe më cilësore për аполвирање e të gjitha informacioneve të rëndësishme nga të punësuarit në komuna për prezantimin e tyre më të përshtatshëm para publikut, gjegjësisht grupet e synuara të posaçme. U theksua se secila komunë, pavarësisht në është

во неа има локални медиуми или не, мора да воспостави двонасочна комуникација со своите целни групи, особено со граѓаните, за што на секоја локална власт ѝ е потребно обучено ПР лице во општината. Се дискутираше дека голем процент од локалните власти сè уште недоволно го познаваат значењето и улогата на односите со јавноста, па оттаму, во систематизациите на општините, многу малку се предвидува потреба од ПР лице и нотирањето на конкретните активности што ова лице треба да ги извршува. Како позитивни примери беа посочени и малиот број општини, главно урбани, кои имаат воспоставено одделение за односи со јавност и каде тимски се работи на промоција на активностите на општината.



Претставникот за односи со јавност од ЗЕЛС, кој е и координатор на оваа Мрежа на ПР лица од општините, присутните ги информираше за алатките што ги користи Заедницата во реализацијата на односите со јавноста, при што посочи и на постоењето на мини прес центар во ЗЕЛС, што може да им се отстапи на располагање на заинтересираните општини, за реализирање на свои настани, исклучиво поврзани со прашања од областа на надлежностите на локалната власт.

urbane apo rurale, nëse në të ka media lokale apo jo, duhet të vendosë komunikim të ndërsjellë me grupet e veta të synuara, posaçërisht me qytetarët që në çdo pushtet lokal i nevojitet PR person të trajnuar në komunë. U diskutua se një përqindje e madhe e autoriteteve lokale akoma jomjaftueshëm e njohin rëndësinë dhe rolin e marrëdhënieve me publikun dhe prej kësaj në sistematizimet e komunave shumë pak parashikohet nevoja e PR personit dhe notimi i aktiviteteve konkrete që ky person duhet t'i zbatojë. Si shembuj pozitivë u theksuan edhe numri i vogël i komunave, kryesisht urbane, të cilat kanë vendosur departament për marrëdhënie me publikun dhe ku punohet në grup për promovimin e aktiviteteve të komunës.



Përfaqësuesi i BNJVL-së për marrëdhënie me publikun, i cili është koordinues i këtij Rrjeti të PR personave nga komunat, i njoftoi të pranishmit për veglat që i shfrytëzon Bashkësia në realizimin e marrëdhënieve me publikun, pas së gjithave theksoi edhe ekzistencën e mini Pres Qendrës së BNJVL-së, e cila mund t'i jepet në disponim komunave të interesuara për realizimin e ngjarjeve të tyre të lidhura vetëm me çështje nga sfera e kompetencave të pushtetit lokal.

## АКЦИЈАТА „ДЕН НА ДРВОТО – ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА“
## AKSIONI „DITA E DRURIT – MBILLE TË ARDHMEN TËNDE“

Под мотото „Засади здравје! Засади здрава иднина!” на 27 ноември, 2013 година беше реализирана дванаесеттата по ред акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“. Традиционално, во оваа акција учествуваат сите општини во земјава, кои овозможуваат непречено спроведување на сите активности и мобилизирање на граѓаните, при засадувањето на младите садници. При ова пошумување приоритет имаа опожарените површини, локалитетите покрај природни и вештачки езера, деловите покрај патиштата, како и оголените шумски предели. Млади дрвца се засадуваа и во училиштата, парковите и во други делови од урбаните средини. Целта е зачувување на животната средина и на здравјето на луѓето. Промотивната кампања на оваа акција започна на 22 ноември 2013 година, во Институтот за белодробни заболувања кај децата, во Козле - Скопје .

Во период од 2007 – 2012 година во акциите за пошумување засадени се над 51. 432.310 шумски садници на територија на нашата земја. Оваа година се пошумува површина од 1.150 хектари, со над 5. 000 000 шумски садници.

Me moton „Mbill shëndet! Mbill të ardhme të shëndetshme!“ më 27 nëntor të vitit 2013 u realizua i dymbëdhjeti sipas rradhës aksioni „Dita e drurit – mbille të ardhmen tënde“. Tradicionalisht, në këtë aksion marrin pjesë të gjitha komunat në vend, të cilat mundësojnë realizim të pandërprerë të të gjitha aktiviteteve dhe mobilizim të qytetarëve, gjatë mbilljes së fidanishteve të reja. Gjatë këtij pyllëzimi prioritet kishin sipërfaqet e djegura, lokacione buzë liqeneve natyrore dhe artificiale, pjesët anës rrugëve si edhe zona pyjore të shkreta. Dru të reja mbilleshin edhe në shkollat, parqet edhe në pjesë të tjera të mjediseve urbane. Qëllimi ishte mbrojtja e mjedisit jetësor dhe shëndetit të njerëzve. Kampanja promovuese e këtij aksioni filloi më 22 nëntor të vitit 2013 në Institutin për sëmundjet e mushkërive të bardha te fëmijët, në Kozle – Shkup.

Në periudhën e viteve 2007-2012 në aksionet për pyllëzim janë mbjellur mbi 51.432.310 fidanishte pyjore në territoret e vendit tonë. Këtë vit u pyllëzua sipërfaqe prej 1.150 hektarë me mbi 5 000 000 fidanishte pyjore.



*Работната група за урбанизам при НАЛАС, го посети ЗЕЛС*
*Grupi punues për urbanizëm pranë NALAS-it vizitoi BNJVL-në*

# ЗЕЛСЈА ПРЕЗЕНТИРАШЕ СОФТВЕРСКАТА АЛАТКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ПОСТАПКИ УТВРДЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

# BNJVL-JA PREZANTOI VEGLËN SOFTUERIKE PËR PROCEDURAT ELEKTRONIKE TË PËRCAKTUARA NË LIGJIN PËR NDËRTIM

Членовите на Работната група за урбанизам, од Мрежата на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа (НАЛАС) на 26 ноември, 2013 година, го посетија ЗЕЛС, со цел да се запознаат со активностите на Заедницата и на локалните власти од нашата земја, околу спроведувањето на електронските постапки предвидени во Законот за градење. Раководителот на одделението за нормативно-правни, материјално-финасиски и административни работи во ЗЕЛС, Виктор Арнаудоски, детално ги информираше присутните за содржината на софтверската алатка, но исто така и за чекорите што ги реализираше ЗЕЛС, со цел обучување на претставниците од општините за користење на софтверските постапки, преку ЗЕЛС тренинг центарот. Беше потенцирано дека информацискиот систем е-одобрение за градење е поставен на интернет страницата, www.gradezna-dozvola.mk, во системот за е-услуги на ЗЕЛС. Системот за е-услуги е платформа врз која ЗЕЛС овозможува палета на е-услуги за општините, односно хардверот и софтверските алатки се сместени во административната зграда на Заедницата и ЗЕЛС единицата за поддршка на „е- општини“ (ЗЕПЕ) се грижи за нивно непречено функционирање при опслужувањето за сите општини. Беше истакнато дека имплементацијата на електронските постапки за издавање на одобрение за градење, за надградба и за доградба, започна д 1 јуни, 2013 година, а од 1 ноември, 2013 година, сите постапки предвидени во Законот за градење, се спроведуваат исклучиво по електронски пат. Оваа добра практика на ЗЕЛС, предизвика интересирање и кај другите асоцијации од регионот, кои сакаат ЗЕЛС да им ги пренесе своите искуства, со цел обезбедување на вакви електронски алатки и за нивните локални власти. Засега поконкретен интерес покажаа асоцијациите од Република Србија, Република Албанија и Република Црна Гора, со кои се разговара околу можностите за соработка, а присутните претставници од урбанизам од земјите од регионот истакнаа дека станува збор за навистина корисни е ефикасни алатки.

Anëtarët e Grupit punues për urbanizëm nga Rrjeti i asociatave të autoriteteve lokale të Evropës Juglindore (NALAS) më datë 26 nëntor të vitit 2013 e vizituan BNJVL-në me qëllim që të njihen me aktivitetet e Bashkësisë së njësive të vetëqeverisjes lokale  në vendin tonë, rreth realizimit të procedurave elektronike të parashikuara në Ligjin për ndërtim. Udhëheqësi i departamentit për punë  normativo-juridike, financiaro-materiale dhe administrative, Viktor Arnaudoski, detajisht i informoi të pranishmit për përmbajtjen e veglës softuerike, por gjithashtu edhe për hapat që i realizoi BNJVL-ja me qëllim trajnimi i përfaqësuesve të komunave për shfrytëzimin e procedurave softuerike, nëpërmjet Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. U theksua se sistemi informatik e-leje për ndërtim është i vendosur në faqen e internetit, www.gradezna-dozvola.mk, në sistemin e E-shërbimeve të BNJVL-së.  Sistemi për E-shërbime është platforma mbi të cilën BNJVL-ja mundëson paletë e-shërbimesh për komunat, gjegjësisht hardueri dhe veglat softuerike janë të vendosura në ndërtesën administrative të Bashkësisë dhe Njësia për përkrahjen e „e-komunave“ e BNJVL-së (ZEPE) kujdeset për funksionimin e tyre të pandërprerë gjatë shërbimit për të gjitha komunat. U theksua se implementimi i procedurave elektronike për lëshimin e lejes për ndërtim, mbindërtim ose ndërtim shtesë, filloi nga 1 qershori i vitit 2013, të gjitha procedurat të parashikuara në Ligjin për ndërtim zbatohen vetëm në rrugë elektronike. Kjo praktikë e mirë e BNJVL-së, shkaktoi interes edhe te asociatat e tjera nga rajoni, të cilat kanë dëshirë që BNJVL-ja t'ia transferojë përvojat e veta, me qëllim sigurimi i veglave elektronike të këtilla edhe për autoritetet e tyre lokale. Deri tani interes më konkret shprehën asociatat e Republikës së Serbisë, Republikës së Shqipërisë dhe Republikës së Malit të Zi, me të cilat diskutohet rreth mundësive për bashkëpunim kurse përfaqësuesit e pranishëm nga urbanizmi nga vendet e rajonit shprehën se bëhet fjalë për vegla me të vërtetë shfrytëzuese dhe efikase.

Софтверот за електронско издавање на одобренија за градење, претставува уште една дополнителна алатка, од поголемиот број досега реализирани, што ЗЕЛС им ги обезбедува на сите општини. Оваа алатка беше обезбедена во соработка со Министерството за транспорт и врски. Ваквите активности се во рамките на приоритетите на ЗЕЛС за поддршка на своите членки за развивање на е-услуги. За таа цел е подигнат веб сервер во просториите на ЗЕЛС каде што се сместени сите електронски услуги кои се хостираат во име на сите општини едновремено. Електронските постапки, утврдени во Законот за градење, ќе им овозможат на сите локални власти во земјава, да го зголемат степенот на ефикасност при извршување на услугите кон граѓаните, како и обезбедување на транспарентност при нивната реализација. Граѓаните ќе имаат можност да поднесат барање по електронски пат, без притоа да чекаат на општинските шалтери или да губат од работното време, а со ова општината ќе ги намали трошоците за набавка на хартија, и ќе ја зголеми ефикасноста на работење. Обврска за печатење и укоричување на потребните документи ќе немаат ниту граѓаните при поднесувањето на барањето. Софтверот овозможува увид во запазувањето на роковите и контрола на процесот, како и дигитално поврзување на локалната власт со надворешните институции за добивање на мислења и сеопфатност на процесот од државно и од локално ниво. Овој софтвер истовремено е поврзан и со СМС систем, преку кој граѓанинот–инвеститор, кој поднел барање за градба, може да ја избере опцијата, и со СМС порака да биде информиран во која фаза од постапката се наоѓа неговиот предмет.




Softueri për lëshimin elektronik të lejeve për ndërtim përfaqëson edhe një vegël plotësuese nga numri më i madh deri tani të realizuara, që BNJVL-ja i'a siguron të gjitha komunave. Kjo vegël u sigurua në bashkëpunim me Ministrinë e transportit dhe lidhjeve. Aktivitetet e këtilla janë në kuadër të prioriteteve të BNJVL-së për përkrahjen e anëtareve të veta për zhvillimin e e-shërbimeve. Për këtë qëllim u krijua ueb server në hapësirat e BNJVL-së ku janë të vendosura të gjitha shërbimet elektronike të cilat vendosen në emër të të gjitha komunave njëkohësisht. Procedurat elektronike të caktuara me Ligjin për ndërtim do t'i mundësojnë të gjitha autoriteteve lokale në vend t'a zmadhojnë nivelin e efikasitetit gjatë realizimit të shërbimeve për qytetarët, si edhe sigurimi i transparencës në realizimin e tyre. Qytetarët do të kenë mundësi të parashtrojnë kërkesë në rrugë elektronike, pa pasur nevojë të presin në sportelet komunale ose të humbin nga koha e punës dhe me këtë komuna do t'i zvogëlojë shpenzimet për furnizimin e letrës dhe do t'a zmadhojë efikasitetin e punës. Obligim për shtypjen dhe lidhjen e dokumenteve të duhura nuk do të kenë as qytetarët gjatë parashtrimit të kërkesës. Softueri mundëson shqyrtim në ndjekjen e afateve dhe kontrollin e procesit si dhe lidhje digjitale e pushtetit lokal me institucionet e jashtme për marrjen e mendimeve dhe gjithpërfshirjen e procesit nga niveli shtetëror dhe lokal. Ky softuer njëkohësisht është i lidhur edhe me SMS sistem, nëpërmjet së cilit qytetari-investuesi, i cili ka parashtruar kërkesë për ndërtim, mund t'a zgjedhë opsionin edhe me SMS mesazh të jetë i informuar në cilën fazë të procedurës gjendet lënda e tij.

*Анализа:*

*Analizë:*

# ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ЗА ОГРЕВ И ЗА ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИТЕ

# SFIDAT NË FURNIZIMET PUBLIKE PËR NGROHJEN E SHKOLLAVE DHE PËR TRANSPORTIN E NXËNËSVE

Во текот на месец ноември, ЗЕЛС направи кратка анализа за предизвиците со кои се соочуваат локалните власти во земјава, при реализирањето на јавните набавки за обезбедување на енергенси за затоплување на училиштата и набавките за превоз на учениците. Врз основа на добиените податоци од општините, може да се забележи дека нема воедначеност во однос на тоа кој ја спроведува набавката. Во поголем број општини, самите училишта спроведуваат поединечни набавки за нафта или за дрва, додека за јавен превоз на ученици-

Gjatë muajit nëntor BNJVL-ja hartoi një analizë të shkurtër për sfidat me të cilat ballafaqohen autoritetet lokale në vend gjatë realizimit të furnizimeve publike për sigurimin e energjensave për ngrohjen e shkollave dhe furnizimeve për transport të nxënësve. Në bazë të të dhënave të fituara nga komunat mund të vërehet se nuk ka barazi në lidhje me atë se kush e realizon furnizimin. Në një numër më të madh komunash, vetë shkollat realizojnë furnizime më vete për naftë dhe për dru, kurse për transport publik të nxënësve shpesh

те, почесто се забележува дека набавката ја спроведува општината, или, пак, едно училиште, со овластување од останатите училишта кои се на територијата на ЕЛС.

При спроведувањето на овие јавни набавки, општините посочуваат дека се соочуваат со голем број предизвици и тоа во текот на самата постапка, потоа при електронската аукција, како и по склучувањето на договорите. Посочено е дека, при набавка на енергенси, на објавените тендери, многу често не се јавуваат економски оператори, бидејќи сметаат дека условите за плаќање се неповолни - плаќањето е во рок од 15 do 120 dena по испорака. Исто така, условите за набавка на енергенси во училиштата се различни од причина што некои бараат понудувачот да поседува лиценца за вршење на енергетска дејност, а некои бараат само лиценца за трговија со нафта и нафтени деривати. Дел од општините наведуваат дека при набавката на енергенси и покрај тоа што се спроведува електронска аукција ништо не се постигнува, бидејќи цената на нафтата зависи од цената утврдена од Регулаторната комисија за енергетика и никој не сака да ја намали сопствената маржа. Кога се јавуваат еден или максимум 2 економски оператора, не може да се постигне големо намалување на цената, односно се губи можноста за електронско наддавање, а не е реткост да се здружат понудувачите и да нема никакво намалување при е–аукцијата. Нема конкурентност при обезбедување на превозот на учениците, но, слична е состојбата и при набавката на огревно дрво. При спроведување на групна набавка за превоз на ученици за сите општински училишта, секоја релација оди на посебна електронска аукција. Во ваков случај, се случува понудувачите кои се јавиле на тендерот, однапред, меѓусебно да си ги поделат релациите и на електронската аукција никој не учествува, па првично поднесените понуди стануваат конечни. Се случува и при е-аукцијата, економските оператори да дадат многу ниска цена и потоа одбиваат склучување на договор, или,пак, поднесуваат жалби до ДКЖЈН, кои се неосновани, со што го продолжуваат терминот за потпишување на договорот. Проблем е и тоа што општината обезбедува превоз и за еден до два ученика, од повеќе села, кои се оддалечени и над 30 км, па не постои економска исплатливост за превозниците и не се пријавуваат. По склучување на договорот со најповолниот понудувач за превозот на учениците, има состојби превозникот да не се придржува кон понудените услови, како што е случај кога во автобусите кои собираат 50 ученици, превозникот превезува 80 ученици, . Се случува и тоа учениците, особено од нискиte одделенија да чекаат и по неколку часа, за да завршат со настава повисоките одделенија, бидејќи превозникот ги враќа назад сите заедно во исто време, со една релација. Има случаи кога се употребуваат возила за превоз, кои не биле прикажани при конкурирањето на тендерот. Има и ситуации кога заедничкиот тендер за превоз за учениците е преобемен, а некое училиште не е во можност да ја намири обврската, па се создаваат ситуации за прекин на договорот и можност сите ученици да останат без превоз.

vihet re se furnizimin e realizon komuna ose një shkollë me autorizim nga shkollat e tjera të cilat gjenden në territoret e NJVL-së.

Gjatë realizimit të këtyre furnizimeve publike komunat shprehen se ballafaqohen me numër të madh sfidash dhe kjo gjatë vetë procedurës më pas gjatë auksionit elektronik si edhe pas nënshkrimit të marrëveshjes. Është shpjeguar se gjatë furnizimit të energjensave shpeshherë nuk paraqiten operatorë ekonomikë për tenderat e publikuara sepse konsiderojnë se kushtet për pagesë nuk janë të favorshme - „pagimi është në afat prej nga 120 deri në 50 ditë pas dërgesës“. Gjithashtu kushtet për furnizimin e energjensave në shkolla janë të ndryshme për arsye se disa kërkojnë vetëm lishenca për tregti me naftë dhe derivatet e naftës. Një pjesë e komunave theksojnë se gjatë furnizimit të energjensave përveç asaj se realizohet auksion elektronik nuk arrihet asgjë sepse çmimi i naftës varet nga çmimi i caktuar nga Komisioni rregullues për energjetikë dhe askush nuk do t'a zvogëlojë diferencën. Kur paraqiten një ose maksimum dy operatorë ekonomikë nuk mund të arrihet zvogëlim i madh i çmimit gjegjësisht humbet mundësia për ankand elektronik dhe nuk është e rrallë të bashkohen ofruesit dhe të mos ketë asnjë zvogëlim në e-auksionin. Nuk ka konkurrencë gjatë sigurimit të transportit për nxënësit dhe gjatë furnizimit të drurit ngrohës situate është e ngjashme. Gjatë realizimit të furnizimit në grup për transportin e nxënësve për të gjitha shkollat komunale secili relacion shkon në auksion elektronik të veçantë. Në këtë rast ndodh që ofruesit e paraqitur në tenderin, më parë, mes tyre i ndajnë relacionet dhe në auksionin elektronik nuk merr pjesë askush dhe kështu ofertat e parashtruara më parë bëhen përfundimtare. Ndodh që në e-auksionin operatorët ekonomikë të japin çmim shumë të ulët dhe më pas refuzojnë të nënshkruajnë marrëveshje ose të parashtrojnë ankesa deri te KSHAFP-ja, të cilat janë të pabazuara me të cilën e shtyjnë terminin për nënshkrimin e marrëveshjes. Problem është se komuna siguron transport edhe për një deri në dy nxënës, nga më shumë fshatra, të cilat janë në largësi prej mbi 30 km, prandaj nuk ka përfitim për transportuesit dhe për këtë nuk paraqiten. Pas nënshkrimit të marrëveshjes me ofruesin më të volitshëm për transportin e nxënësve ka situata transportuesi të mos i përmbahet kushteve të ofruara siç është rasti i autobusave të cilët mbledhin 50 nxënës kurse transportuesi transporton 80 nxënës kështu që paguhet për dy relacione por transporton vetëm një. Ndodh kjo edhe me nxënësit, veçanarisht nga klasat e ulëta të presin disa orë, që të mbarojnë mësimin klasat më të larta sepse transportuesi i kthen prapa të gjithë bashkë në të njejtën kohë me një relacion. Ka raste kur shfrytëzohen mjete për transport të cilat nuk u paraqitën gjatë konkurrimit të tenderit. Ka dhe situata kur tenderi i përbashkët për transportin e nxënësve është shumë i madh kurse ndonjë shkollë nuk e ka mundësinë të shlyejë detyrimin, prandaj shkaktohen situata për ndërprerjen e marrëveshjes dhe mundësi që nxënësit të mbeten pa transport.



# АКТИВНОСТИ НА МРЕЖАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ, ПРИ ЗЕЛС

Мрежата на територијални противпожарни единици, при ЗЕЛС, во текот на месец ноември одржа повеќе состаноци. На првиот состанок што се одржа на 1 ноември, 2013 година, во просториите на ЗЕЛС, се дискутираше за Програмата за стручно оспособување на пожарникарите, каде присутните изнесоа повеќе забелешки во однос на доставената Предлог –програма од Дирекцијата за заштита и спасување. Забелешките се однесуваа на потребата од зголемување на опфатноста на одредени часови за обучување на идните пожарникари, беа предложени нови програмски единици, меѓу кои изучување на тактиките за гаснење на пожари на високи објекти, како и спасување од височини, длабочини и во вода, а забелешки имаше и во однос на составот и структурата на ангажираноста на наставниот кадар, каде се бараше претходно ЗЕЛС да даде свое мислење. Беше забележано дека практичниот дел од наставата треба да го реализираат инструктори за противпожарна заштита и тоа по одредени специјалистички области, а стана збор и за звањата што ќе ги добиваат обучуваните лица по стручното оспособување.

Членовите од Мрежата на територијални противпожарни единици, при ЗЕЛС, на 28 ноември, 2013 година се сретна со претставници од операција Флоријан, од Обединетото кралство на Велика Британија. Пред присутните, менаџерот на овој тим, Стив Џордан, го презентираше петгодишниот извештај за активностите кои биле реализирани во нашата земја на полето на зајакнувањето на противпожарната заштита. Потоа, се разви дискусија за можностите за членство на Република Македонија во Светската организација за спасување. Беше посочено дека постојат три нивоа на членување и за секое од нив, потребно е да се исполнат одредени предуслови. Потребно е да постои Национален комитет за спасување, за што беше посочено дека таа улога може да ја преземе Мрежата на територијални проти-

# AKTIVITETET E RRJETIT TË NJËSIVE TERRITORIALE ZJARRFIKËSE , PRANË BNJVL-SË

Rrjeti i njësive territoriale zjarrfikëse, në BNJVL, gjatë muajit nëntor mbajti shumë takime. Në takimin e parë që u mbajt më 1 nëntor të vitit 2013 në hapësirat e BNJVL-së u diskutua për Programin për aftësim profesional të zjarrfikësvel, ku të pranishmit shprehën shumë vërejtje në lidhje me Propozim-programin e dërguar nga Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim. Vërejtjet i dedikoheshin nevojës së zmadhimit të përfshirjes së orëve të posaçme për trajnimin e zjarrfikësve të rinj, u propozuan njësi programuese të reja, mes cilave mësimi i taktikave për fikjen e zjarreve të objekteve të larta, si dhe shpëtimi nga lartësitë, thellësitë dhe në ujë, kurse vërejtje kishte edhe në lidhje me përbërjen dhe strukturën e angazhimit të stafit të mësuesve, ku u kërkua që BNJVL-ja të japë mendimin e saj. U vë re se pjesa praktike e mësimit duhet të realizohet nga instruktorë për mbrojtje zjarrfikëse dhe kjo në fuha speciale të caktuara dhe u diskutua për emërimet të cilat do t'i fitojnë personat e trajnuar sipas aftësimit profesional.

Anëtarët e Rrjetit të njësive territoriale zjarrfikëse në BNJVL, më 28 nëntor të vitit 2013 u takuan me përfaqësuesit e Operacionit Florijan nga Britania e Madhe. Para të pranishmëve, udhëheqësi i ekipit Stiv Xhordan e prezantoi Raportin pesëvjeçar të aktiviteteve që janë realizuar në vendin tonë në fushën e përforcimit të mbrojtjes kundër zjarrit. Më pas, vijoi diskutim rreth mundësive për anëtarësimin e Republikës së Maqedonisë në Organizatën Botërore për shpëtim. U theksua se ekzistojnë tre nivele të anëtarësimit dhe për çdo nivel është e nevojshme të përmbushen parakushte të caktuara. Ka nevojë për ekzistencë të Komitetit Kombëtar për Shpëtim me ç'rast u potencua se ky rol mund të ndërmerret nga Rrjeti i njësive territoriale zjarrfikëse i BNJVL-së. Me këtë, do të kënaqet niveli i parë për anëtarësim. Me fitimin e nivelit të dytë, është e duhur të organizohet garë shtetërore për shpëtim. Për këtë qëllim, duhet të përmbushen parakushte përkatëse lidhur me rregullat paraprake, rregullat për pjesëmarrje dhe organizim të garës, disponimin me pajisjes përkatëse, vendngjarjen me kushte për garë, shqyrtimin e temave të garës, procedurat e

впожарни единици, при ЗЕЛС, со што би се задоволило првото ниво на членување. За добивање на второто ниво, потребно е да се организира државно првенство за спасување. За таа цел, треба да се исполнат соодветни предуслови во однос на претходно пропишани прописи и правила за учество и организирање на натпреварот, потоа располагање со соодветна опрема, локација која ќе ги задоволи потребните за натпреварување, да се утврдат теми на натпреварот, процедури на рангирање, како и потребни знаења што треба да ги исполнуваат лицата – судии. За поддршка во овој дел, планирана е посета на двајца експерти од Велика Британија кои ќе извршат детална анализа на актуелната состојба и на потребите за организирање на државен натпревар, а изготвениот извештај ќе го доставаат до Мрежата. Третото ниво се исполнува, доколку победникот на државниот натпревар или победничката екипа учествува на глобалниот натпревар што го организира Светската организација за спасување.



rangimit, si dhe njohuritë e nevojshme që personat-gjyqtarët duhet t'i plotësojnë. Për sa i përket përkrahjes në këtë fushë, është planifikuar vizitë e dy ekspertëve nga Britania e Madhe të cilët do të kryejnë analizë detajuese të gjendjes aktuale dhe nevojave për organizimin e garës shtetërore, ndërsa raportin e përpiluar do t'a dërgojnë te Rrjeti. Niveli i tretë plotësohet nëse fitues i garës shtetërore ose ekipi fitimtar merr pjesë në garën botërore të organizuar nga Organizata Botërore për shpëtim.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО –НЕОПХОДНОСТ ЗА ОПШТИНИТЕ

Предизвиците со кои се соочуваат поголем број на општини во земјава при спроведувањето на надлежностите во областа на образованието, сè уште не се надминати. Управниот одбор на ЗЕЛС, на поголем број седници, го покренува ова прашање, при што е констатирано дека најголеми долгови општините генерираат за покривање на трошоците за загревање на училиштата и за превоз на учениците. За разрешување на ова, но и на други прашања од образованието, ЗЕЛС упатуваше писма до Министерството за образование и наука (МОН), каде беа изнесувани систематизираните барања на локалните власти за надминување на предизвиците во оваа област, при што беше нагласена потребата за зголемување на средствата во блок дотациите. Беа одржани и повеќе средби на високо ниво, меѓу ЗЕЛС и МОН.

Причините за континуираното зголемување на долговите на поголем број на општините во областа на образованието започнуваат уште во 2005 година, кога беа префрлени 40% помалку средства од дотогашните историски трошоци за оваа намена, потоа усогласувањето на платите во образованието со Колективниот договор, воведувањето на средното задолжително образование во 2008 година, кое предвидува и бесплатен превоз за учениците, неисплатувањето на декемвриската блок дотација за образование на сите општини во 2011 година, континуираното зголемување на цените на енергенсите за загревање на училиштата (нафтата и дрвата), како и тарифирањето на училиштата при користењето на електрична струја и на парно греење, како индустриски објекти. ЗЕЛС испраќаше дописи до Регулаторната комисија за енергетика за враќање на училиштата во групата на тарифни потрошувачи-домаќинства, но не беа прифатени, од причини што тоа би предизвикало поскапување на струјата за сите корисници. Според РКЕ, единствена можност за намалување на сметките е комплетна либерализација на пазарот на електрична енергија за овие установи, предвидена од

## ZMADHIMI I BLOK DOTACIONEVE NË ARSIM – DOMOSDOSHMËRI PËR KOMUNAT

Sfidat me të cilat numër i madh komunash në vend ballafaqohen gjatë zbatimit të kompetencave në degën e arsimit ende nuk janë tejkaluar. Bordi Drejtues i BNJVL-së në shumë seanca e inicon pikërisht këtë çështje me ç'rast është konstatuar se numrin më të madh të borxheve komunat e gjenerojnë për mbulimin e shpenzimeve dedikuar ngrohjes së shkollave dhe transportit të nxënësve. Për zgjidhjen e kësaj çështjeje por edhe për të tjera nga dega e arsimit, BNJVL-ja dërgoi shkresa deri te Ministria e arsimit dhe shkencës (MASH) ku u potencuan kërkesat e sistematizuara të autoriteteve lokale për tejkalimin e sfidave në këtë fushë, me ç'rast u theksua nevoja për zmadhimin e mjeteve në blok dotacionet. U mbajtën më shumë takime në nivel të lartë ndërmjet BNJVL-së dhe MASH-it.

Arsyet për zmadhimin e vazhdueshëm të borxheve të më shumë komunave nga dega e arsimit janë shfaqur që nga viti 2005 kur u transferuan 40% më pak mjete nga harxhimet e deritanishme historike për këtë qëllim. Më pas vijon përputhshmëria e rrogave në arsim me Marrëveshjen Kolektive, miratimi i arsimit të mesëm të domosdoshëm për nxënësit në vitin 2008, jopagesa e blok dotacionit për arsim në muajin dhjetor të të gjitha komunave në vitin 2011, zmadhimi i vazhdueshëm i çmimeve të energjensave për ngrohje të shkollave (nafta dhe druri), si dhe tarifimi i shkollave gjatë përdorimit të energjisë elektrike dhe nxemjes qendrore, si objekte industriale. BNJVL-ja dërgoi shkresa deri te Komisioni Rregullues për Energjetikë për kthimin e shkollave në grupin e konsumatorëve tariforë – amvisëri por të njejtat nuk u pranuan nga vetë arsyeja se do të shkaktojnë rritje të energjisë elektrike për të gjithë konsumatorët. Sipas KRE-së, mundësia e vetme për zvogëlimin e llogarive është liberalizimi i tërësishëm i tregut të energjisë elektrike për këto institucione, i paraparë nga viti 2015, si dhe pranimi i investimeve për efikasitet energjetik në shkollat, gjë që

2015 година, како и воведување на инвестиции за енергетска ефикасност во училиштата, што веќе се спроведува од страна на голем број на општини. ЗЕЛС покрена иницијатива за донесување на Правилник за организирање на превозот на учениците во средните училишта, за што започнаа одредени активности во МОН, каде ЗЕЛС имаше свој претставник, но досега не е произлезен крајниот продукт.

Сите овие состојби требаше да бидат следени и со адекватно зголемување на средствата во блок дотациите за образование за општините. За жал, констатирано е дека, токму префрлањето на недоволно средства во блок дотациите, е причината што голем број на општини и понатаму генерираат долгови во оваа област. Според МОН, дванаесетина општини се соочуваат со позначителни долгови, а не помалку сериозна е состојбата во уште дваесетина единици на локалната самоуправа. Според информациите на ЗЕЛС, околу 90% од општините се соочуваат со недостаток на средства за адекватно спроведување на надлежностите во образованието.

Во рамките на блок дотациите што преку МОН ги добиваат општините, вклучени се средствата за исплата на плати на наставниците и средствата за материјални трошоци. МОН укажува дека за исплатени плати на вработените во основното образование, во 2013 година, се очекува општините во просек да потрошат 87% од блок дотациите. Во одредени општини процентот достигнува и над 90% од блок дотациите, што според анализите на МОН, се должи на вишокот на паралелки. Општините кои имаат средни училишта и градот Скопје, за исплата на плати на вработените, ќе потрошат 72% од блок дотациите за образование. Голем износ, или 20% од средствата од оваа дотација, општините ја трошат за превоз на ученици во средното образование. МОН укажува дека бројот на ученици во основното и во средното образование има тренд на намалување, но не се намалува и бројот на паралелките. Во делот на стоки и услуги најголем дел од трошоците се однесуваат на затоплување и превоз на учениците.

Во основното образование, најголем дел од неизмирените обврски се за затоплување (60,5%) и тоа за течни горива 41%, централно греење 17%, дрва 2,5%, превоз на ученици 19,5%, струја 7,3%, вода 2,6%. Повторно МОН смета дека главниот проблем кај основните училишта е вишокот на паралелки, за што сугерира општините да преземат мерки за рационализација.

Средни училишта има во 35 општини и во градот Скопје. Најголемиот дел од неизмирените обврски кај нив се однесуваат на превоз на учениците, 68,2%, за течни горива 13,9% и за централно греење 3,9%. Недостатокот на средства е најизразен во општините кои имаат повеќе училишта и опфаќаат повеќе ученици, меѓу кои и ученици од другите општини, каде што нема средни училишта, или ја нема струката, односно профилот кој се изучува, бидејќи за надоместок на превозот е одговорна општината каде средношколците посетуваат настава. МОН ја анализираше и просечната месечна цена на превоз по ученик во средното образование, на ниво на општина за 2012 година и констатира разноликост, како резултат на поголем број фактори, меѓу кои бројот на релации, километражата, низински или планински терен, патна инфраструктура, конкуренција на превозниците и друго.

Во делот на затоплувањето на училиштата, трошоците зависат од вкупната површина која се затоплува, односно површината по ученик, видот на затоплувањето, енергетската

veç më zbatohet nga numër i madh i komunave. BNJVL-ja ngriti iniciativë për sjelljen e Rregullores për organizim të transportit të nxënësve në shkollat e mesme andaj filluan aktivitete të caktuara në MASH ku BNJVL-ja kishte përfaqësuesin e saj por deri më tani nuk është arritur rezultati përfundimtar.

Të gjitha këto situata duhej të ndiqeshin me zmadhim përkatës të mjeteve në blok dotacionet në arsim për komunat. Për fat të keq është konstatuar se pikërisht transferimi i mjeteve të pamjaftueshme në blok dotacionet është arsyeja që numër i madh komunash edhe më tej gjenerojnë borxhe në këtë fushë. Sipas MASH-it, dymbëdhjetë komuna ballafaqohen me borxhe të mëdhaja por jo më pak serioze është situata në njëzët njësi të vetëqeverisjes lokale. Sipas informacioneve të BNJVL-së, rreth 90% të komunave ballafaqohen me mungesë të mjeteve për zbatim adekuat të kompetencave në arsim.

Në kuadër të blok dotacioneve të cilat komunat i fitojnë nëpërmjet MASH-it, janë përfshirë mjetet për pagimin e rrogave të arsimtarëve dhe mjetet për shpenzime materiale. MASH-i potencon se lidhur me rrogat e paguara të të punësuarve në arsimin fillor në vitin 2013 pritet që komunat mesatarisht të shpenzojnë 87% nga blok dotacionet. Në komuna të caktuara, përqindja arrin edhe mbi 90% nga blok dotacionet që sipas analizave të MASH-it është pasojë e tepricës së paraleleve. Komunat të cilat kanë shkolla të mesme dhe Qyteti i Shkupit për pagesën e rrogave të të punësuarve do të harxhojnë 72% nga blok dotacionet për arsim. Një shumë të madhe ose 20% të mjeteve nga ky dotacion komunat shpenzojnë për transportin e nxënësve në arsimin e mesëm. MASH-i thekson se numri i nxënësve në arsimin fillor dhe të mesëm ka trend të zvogëlimit, por nuk zvogëlohet numri i paraleleve. Në pjesën e mallrave dhe shërbimeve pjesa më e madhe e shpenzimeve i dedikohet ngrohjes dhe transportit të nxënësve.

Në arsimin fillor, numri më i madh i obligimeve të pambuluara është për ngrohje (60,5%) pikërisht për lëndët djegëse të lëngshme 41%, nxemje qendrore 17%, dru 2,5%, transport të nxënësve 19,5%, rrymë 7,3% dhe ujë 2,6%. MASH-i përsëri konsideron se problemi kryesor te shkollat fillore është teprica e paraleleve andaj u sugjeron komunave të ndërmarrin masa për racionalizim.

Shkolla të mesme ka në 35 komuna dhe në Qytetin e Shkupit. Numri më i madh i obligimeve të pambuluara tek to i drejtohen transportit të nxënësve përkatësisht 68,2%, për lëndët djegëse të lëngshme 13,9% dhe për nxemje qendrore 3,9%. Mungesa e mjeteve është e pranishme në komunat të cilat kanë më shumë shkolla dhe përfshijnë më shumë nxënës, mes cilëve edhe nxënës nga komunat tjera ku nuk ka shkolla të mesme ose nuk ekziston drejtimi gjegjësisht profili që mësohet sepse për kompenzimin e transportit përgjegjësia i takon komunës ku nxënësit e arsimit të mesëm ndjekin mësimdhënie. MASH-i e analizon edhe çmimin mesatar mujor të transportit të nxënësve në arsimin e mesëm në nivel të komunës për vitin 2012 dhe ka konstatuar shumëllojshmëri si pasojë e një numri më të madh faktorësh mes cilëve edhe numri i relacioneve, kilometrazhi, terren i rrafshët ose malor, infrastrukturë rrugore, konkurrencë e transportuesve dhe të tjera.

Në pjesën e ngrohjes së shkollave, shpenzimet varen nga sipërfaqja e tërësishme e cila ngrohet, përkatësisht sipërfaqja nga nxënës, lloji i ngrohjes, efikasiteti energjetik i objektit,

ефикасност на објектот, цената на енергенсите во периодот на набавката, климатските фактори. Нормативот за површина на училиштен простор по ученик е 4,5 $м^2$, а според анализата, утврдено е дека таа се движи од 2 до 12 $м^2$.. Посебен проблем претставува затоплувањето на училиштата во Скопје, кои се приклучени на централно греење, чија цена е висока, поради тоа што од пред неколку години училиштата беа извадени од групата на тарифни потрошувачи-домаќинства.

Со цел надминување на ваквите состојби во општините, предвидени се одредени активности, од кои се очекува утврдување на попрецизни предлог-решенија во оваа област.

çmimi i energjensave në periudhën e furnizimit, faktorët klimatik. Normativa për sipërfaqen e hapësirës shkollore për nxënës është 4,5 m2 ndërsa sipas analizës, është konstatuar se ajo lëviz nga 2 deri më 12 m2... Problem të veçantë paraqet ngrohja e shkollave në Shkup, të cilat kanë të përfshirë nxemje qendrore me çmim të lartë për shkak se prej shumë viteve shkollat janë larguar nga grupi i konsumatorëve tarifor-amvisëri.

Me qëllim që të tejkalohen situatat e këtilla në komunat janë paraparë aktivitete të caktuara nga të cilat pritet caktimi i propozim vendimeve më të sakta në këtë fushë.

# РАБОТИЛНИЦА ПОСВЕТЕНА НА АКТУЕЛНИ ТЕМИ ОД КОМУНАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

Градоначалници, претставници од општинската администрација и вработени од јавните претпријатија, присуствуваа на работилницата што се одржа во Бизнис Центарот на Скопски саем, на 26 ноември, 2013 година, во организација на АДКОМ-Здружение на даватели на комунални услуги на Република Македонија, а која беше посветена на неколку значајни области од комуналното работење на општините. Темите на кои се дискутираше предизвикаа интересирање кај присутните, бидејќи се мошне актуелни и се однесуваа на „Методологијата за пресметување и одобрување на цената за интегрирано управување со отпад“, потоа „Задолженијата за обезбедување на депониите издадени од страна на државниот инспекторат за животна средина“, „Измените во законот за гробишта и погребални услуги“, како и „ Справувањето со диви приклучоци и други противправни појави кои граѓаните ги прават со мерните инструменти“.

Особена дискусија присутните развија во однос на „Методологијата за пресметување и одобрување на цената за интегрирано управување со отпад“, чија примена стапува на сила од 01 јануари, 2014 година,а претставниците од јавните комунални претпријатија истакнаа дека не се доволно подготвени да постапат според истата, заради што беше иницирано пролонгирање на примената за период од шест месеци. Стана збор и за задолженијата издадени од страна на државниот инспекторат за животна средина за обезбедување на депониите, пред се нивното оградување. Присутните истакнаа дека оваа обврска , поради недоволно финансиски средства многу тешко се реализира, па, исто така, беше посочена потреба од нејзино пролонгирање за околу 60 дена .

Во однос на „Измените во законот за гробишта и погребални услуги“, учесниците посочија дека најпогодени се помалите и рурални општини, каде се уште нема приватни оператори за извршување на услугата погребување, а според Законот, јавните комунални претпријатија единствено се надлежни да управуваат со гробиштата. Сите заклучоците од оваа работилница ќе бидат доставени до релевантните институции на разгледување.



# PUNËTORI DEDIKUAR TEMAVE AKTUALE NGA VEPRIMTARIA KOMUNALE E AUTORITETEVE LOKALE

Kryetarë, përfaqësues nga administrata komunale dhe të punësuar në ndërmarrjet publike morrën pjesë në punëtorinë që u mbajt në Qendrën e Biznesit të Panairit të Shkupit më datë 26 nëntor të vitit 2013 në organizim të ADKOM-Shoqata e dhënësve të shërbimeve komunale në Republikën e Maqedonisë por e cila i dedikohej disa temave të rëndësishme nga puna komunale në komuna. Temat për të cilat u diskutua zgjuan interes te të pranishmit sepse janë shumë aktuale dhe i dedikoheshin “Përkushtimeve për sigurimin e deponive të dhëna nga ana e Inspektoratit shtetëror për mjedis jetësor”, “Ndryshimeve në Ligjin për varreza dhe shërbime funerale”, si edhe “Trajtimi i lidhjeve të paligjshme si edhe situata të tjera të paligjshme të cilat qytetarët i bëjnë me instrumentet matëse”.

Të pranishmit hapën diskutim të veçantë lidhur me “Metodologjinë për llogaritjen dhe miratimin e çmimit për menaxhim integrues me mbeturinat”, zbatimi i së cilës hyn në fuqi nga 1 janari i vitit 2014. Ndërkaq, përfaqësuesit e ndërmarrjeve komunale publike theksuan se nuk janë mjaft të përgatitur për të vepruar sipas të njejtës. Prandaj, u inicua prolongim i zbatimit në periudhë prej gjashtë muajsh. U diskutua edhe rreth detyrimeve të dhëna nga ana e Inspektoratit shtetëtor për mjedisin jetësor lidhur me sigurimin e deponive, para se gjithash me rrethojën e tyre. Të pranishmit potencuan se ky obligim, për shkak të mjeteve të pamjaftueshme financiare, shumë vështirë realizohet. Gjithashtu, u theksua nevoja për prolongimin e tij për rreth 60 ditësh.

Për sa i përket “Ndryshimeve në Ligjin për varreza dhe shërbimet funerale”, pjesëmarrësit potencuan se më të ndikuara janë komunat më të vogla dhe ato rurale, ku ende nuk ka operatorë privat për kryerje të shërbimit funeral. Megjithatë, sipas Ligjit, ndërmarrjet komunale publike janë kompetente vetëm për menaxhimin me varrezat. Të gjitha konkluzionet nga kjo punëtori do të dërgohen për shqyrtim te institucionet relevante.

# УТВРДЕНИ ЗАЕДНИЧКИТЕ СТАВОВИ ЗА ПРЕТСТОЈНИОТ СОСТАНОК НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ



# U PËRCAKTUAN QËNDRIMET E PËRBASHKËTA PËR TAKIMIN VIJUES TË KOMITETIT TË PËRBASHKËT KONSULTATIV

Во просториите на ЗЕЛС, на 21 ноември, 2013 година, беше одржан состанок на делегатите на ЗЕЛС во Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската унија ( ЗКК). На состанокот беше разгледана агендата на претстојниот состанок на ова тело, закажан за 3 декември, 2013 година во Брисел, при што присутните ги утврдуваа заедничките ставови што ќе бидат презентирани на седницата. Како посочени теми на овој состанок се дискусиите за влијанието на развојот на локалната власт во контекст на релациите на Европската унија и Република Македонија, потоа искуствата на локалните и регионалните власти на земјите од Европската унија во искористувањето на структурните и кохезионите фондови, кои ќе претставуваат корисни лекции за обезбедувањето на претпристапните ЕУ фондови на нашите општини. Пред претставниците од Комитетот на регионите од ЕУ, ќе бидат презентираните е - услугите што македонските општините им ги нудат на своите граѓани, преку електронските алатки, што во име на сите локални власти во земјава, ги обезбедува ЗЕЛС.

Ова ќе биде деветти состанок, започнувајќи од 2008 година, од кога е воспоставен овој Заеднички консултативен комитет. Во основа, се одржуваат по два состанока во текот на една година, од кои дел се во Брисел, а дел во нашата земја. Оваа година, поради одржувањето на локалните избори во Република Македонија во месец март, ќе се одржи само овој состанок, во декември. Во ова тело, ЗЕЛС има 11 делегати, а Ивица Коневски, градоначалник на општина Аеродром е избран за ко-претседавач од наша страна, додека од страна на делегацијата од Комитетот на региони на Европската унија, ко- претседавач е Жак Бланк, градоначалник на Канур, Франција.

Në hapësirat e BNJVL-së më datë 21 nëntor të vitit 2013 u mbajt takimi i delegatëve të BNJVL-së në Komitetin e Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komitetit të Rajoneve në Bashkimin Evropian (KPK). Në takim u shqyrtua agjenda e takimit vijues të këtij trupi, i caktuar për 3 dhjetor të vitit 2013 në Bruksel kurse të pranishmit i përcaktuan qëndrimet e përbashkëta që do të prezantohen në seancën. Si tema të dhëna të këtij takimi u diskutua për ndikimin e zhvillimit të pushtetit lokal në kontekstin e marrëdhënieve të Bashkimit Evropian me Republikën e Maqedonisë, më pas përvojat e autoriteteve lokale dhe rajonale të vendeve të Bashkimit Evropian në shfrytëzimin e fondeve strukturore dhe kohezive, të cilat do të paraqesin mësime të dobishme për sigurimin e Fondeve Evropiane paraqasëse të komunave tona. Para përfaqësuesve të Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian do të prezantohen e-shërbimet që komunat maqedonase ia ofrojnë qytetarëve të tyre nëpërmjet veglave elektronike që në emrin e të gjitha autoriteteve lokale të vendit i siguron BNJVL-ja.

Ky do të jetë takimi i nëntë, duke filluar nga viti 2008, prej kur është themeluar ky Komitet i Përbashkët Konsultativ. Në bazë mbahen nga dy takime gjatë një viti, nga të cilat një pjesë në Bruksel dhe pjesa tjetër në vendin tonë. Këtë vit për shkak të mbajtjes së zgjedhjeve lokale në Republikën e Maqedonisë në muajin mars, ky takim do të mbahet në dhjetor. Në këtë trup BNJVL-ja ka 11 delegatë, Ivica Konevski, kryetar i Komunës së Aerodromit është zgjedhur si bashkë-kryesues nga ana jonë, kurse nga ana e delegatës së Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian, bashkë-kryesues është Jacques Blanc, kryetar i Kanurit, Francë.





## ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

## BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska 5, P.N. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk